# ИЗЛЕЗ

Студентско списание Година 1/Број 1 Мај 2010 www.spisanieizlez.blogspot.com

академска
создава
Ако
станува
останува
тип
постои
нашата
ме
жал
избор
Дали
дел
против
студентот
свест
уким
нека
мала
групата
особено
оние
добие
имаше
иднина
оној
Сите

# Содржина

Содржина 03
Стремежот на Излез 04
ЕКТС во Македонија: помеѓу идејата и реалноста 05
Зоран Анчевски: Студентите треба да се турбо-механизмот во општествената машина 07
Прва архи бригада: протест преку стручна критика 11
Слободен индекс: Доста бевме нива за орање! 13
На чекор до европската мобилност 16
Дали образованието треба да биде бесплатно? 22
Тунел 24
Која е целта на образованието? 25
Образование од навика 27
Што се тоа научни списанија и трудови? 29
32 Од евроцентризмот си патиме
35 Театар, театар и глума...
39 Пеце од Суперхикс: На образовниот систем му треба цунами
42 Интервју со Дарума
44 Студираме ли во Европа?
46 Каде залута возот со кредитите?
47 Студентски правобранител, фантом или чувар на на правдата
49 Потрага по модерниот полимат
50 Студентски активизам / Студент ФМ
51 Колаж
52 Литература

**ИЗЛЕЗ**

**Главен и одговорен уредник:**
Даниела Атанасова
**Помошници на главниот уредник:**
Ана Лакалиска
Владимир Дерлиев
**Уредници (Литература):**
Драгана Евтимова
Коста Бојчески
**Редакција:**
Адријана Паскоска
Ана Лакалиска
Дамјан Цветков-Димитров
Наташа Ѓорѓиевска
Далибор Стајиќ
Сандра Ѓеоргијевска
Билјана Дијанисиева
Златко Најденовски
Томче Рунчевски
Диме Митрески
Афродита Николова
Нино Домазетовиќ
Тијана Петкоска
Ивана Васева
Ивана Џоровска
Александар Митовски
Катерина Николовска
**Фотографии:**
Викторија Бачварова
Јасна Дишлиеска Митова
Дамјан Цветков-Димитров
Сандра Ѓеоргијевска
**Илустрации:**
Александра Јованоска
**Лектура:**
Драгана Евтимова
Јасмина Петровска
Билјана Стојановска
**Графичка редакција:**
woodstock design group
**За издавачот:**
Здружение на граѓани ,, Студентска организација Излез" Скопје
**Организациски тим:**
Ана Лакалиска
Петар Спасовски

**Печати:**
Печатница Европа 92, Кочани
**Контакт:**
studentsko.spisanie@gmail.com

**За повеќе содржини читајте го нашиот блог: www.spisanieizlez.blogspot.com**

Следете нè и на нашата Facebook страница ,,Студентско списание".

Доколку сте студент и сакате да учествувате во создавањето на следниот број на ,,Излез", пријавете се на: **studentsko.spisanie@gmail.com**

# На почетокот...

## Стремежот на ,,Излез"

Велат дека студентите се (или треба да бидат) најпрогресивната сила во едно општество. Дури и најреволуционерната. Оваа изјава е толку повторувана што ја доживував како клише и ми требаше долго време да го почувствувам нејзиното вистинско значење. А едноставно е. Реченицата претпоставува дека додека си студент можеш колку сакаш да го критикуваш ,,системот", да бараш промени и да протестираш, бидејќи сè уште не си дел од самиот систем, не си станал алка во неговата машинерија, не зависи од него (целосно) твојата егзистенција. Ова ,,правило" исто така се потпира врз фактот дека додека сме млади сме најголеми идеалисти, самоуверени дека нашите соништа можат да го променат светот. Иако може да не се согласиме и да кажеме дека во текот на целиот живот треба да бидеме одговорни и критички настроени единки кои ќе се стремат кон остварување на своите идеали, сепак вистина е дека во овој период од животот имаме поголема слобода да дејствуваме, токму поради тоа што и не сме сфатени толку сериозно. Па зошто да не ја искористиме таа слобода? Жално е ако баш во точката што се смета за извор на креативна енергија во општеството – владее суша.

Независното студентско списание ,,Излез" е обид на група студенти од повеќе факултети на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" да покажат дека изворот не секнал, туку дека му треба само простор и поттик да потече и да се претвори, се надеваме, во река од идеи кои ќе придонесат малку да се освежи сликата што јавноста ја има за студентите и претставата што самите ја имаат за себе. Списанието е, пред сè, наменето за студентите и тргнува од мислата дека студентите како најзасегнати учесници во процесот на студирање, заради кои и постојат Универзитетот и лавиринтот наречен високо образование, не смеат да останат неми во врска со промените кои се во тек и во врска со сите случувања кои се одразуваат на нивното студентско искуство. ,,Излез" потекнува од потребата студентите да имаат свој пишан медиум кој ќе биде простор за дискусија и размена на различни идеи и ставови за тоа како да се стигне до една цел: подобрување на квалитетот на нашето образование. Преку конструктивна критика и самокритика, едукација и корисни информации, како и претставување на креативните и оригинални студентски активности, сакаме да се придвижиме кон излезот од пасивноста и мисловното мртвило за да влеземе во една поинаква средина. Средина во која студентите ќе бидат сериозно сфатени како рамноправни партнери во осмислувањето и огранизирањето на високообразовниот процес. Колку реализацијата ќе биде дорасната на идејата, останува да се види, но се надеваме дека со критиките, помошта и предлозите од читателите ќе растеме и ќе се развиеме во вистинско гласило на студентите.

**Даниела Атанасова, Филолошки факултет**

# Европскиот кредит трансфер систем во Македонија – помеѓу идејата и реалноста

**,,Добра идеја, лошо спроведување" е најчестиот коментар што може да се слушне за ЕКТС. Истражување на Младинскиот образовен форум и анкета на ,,Излез".**

Од почетокот на своето спроведување на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј", Европскиот кредит трансфер систем, популарно наречен ЕКТС, предизвикува поделени реакции кај студентите и претставува дефинитивно најконтроверзната тема во универзитетските кругови. ,,Добра идеја, лошо спроведување" е најчестиот коментар што може да се слушне, но факт е дека многу од нас не се доволно запознаени со идејата, односно не се информирани за точните придобивки од системот и за тоа како тој е замислен според Болоњската декларација, а се чини и дека никому не му е јасно до каде стигнало спроведувањето кај нас. Оваа огромна тема само ќе ја начнеме овде, а ќе продолжи да се истражува и дискутира во следните броеви на ,,Излез".

Последната самоевалуација што Универзитетот ја спровел во врска со трансформациите низ кои минува се однесува на периодот 2002-2006 година (истата може да се најде на веб страницата на Универзитетот), што значи дека нема никакви официјални информации за промените во последните три години и за моменталната состојба, барем не од страна на Универзитетот. Но затоа пак, Младинскиот образовен форум во периодот април-декември 2009 година спроведе истражување во рамките на проектот ,,Пристап до информации од јавен карактер – имплементација на Европскиот кредит трансфер систем во Република Македонија", а резултатите од истражувањето беа објавени во брошурата ,,ЕКТС – Реалност или илузија во високото образование" (http://www.soros.org.mk/dokumenti/EKTS-Realnost-ili-iluzija-vo-visokoto-obrazovanie.pdf).

Идејата која стои зад истражувањето ја образложува Лазар Поп Иванов, член на проектниот тим и автор на брошурата: "Младинскиот образовен форум долго време се занимава со подобрување на начинот на студентското организирање како и подобрување на квалитетот на високото образование во целина. Оттаму беше предизвик да се истражува едно поле како што е имплементацијата на ЕКТ системот во Република Македонија- тема која до ова истражување никогаш посериозно не била разгледувана од институциите, а уште помалку од некоја младинска организација. Воведувањето на овој систем (ЕКТС) темелно го промени начинот на организирање на студиите на универзитетите и промовираше големи новости кои требаше полека да го трансформираат студентот од корисник на услугите на факултетите, во креатор на истите и директен учесник. Со ова истражување сакавме да видиме дали десет години по потпишувањето на Болоњската декларација и шест години по пристапувањето на РМ кон Болоњскиот процес – македонското образование станало дел од Европскиот простор на високо образование.

Преку алатката пристап до информации од јавен карактер со истражувањето биле опфатени шест факултети од Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" (Филолошки, Филозофски, Правен, Архитектонски, Економски и Факултетот за Електротехника и информатички технологии), Европскиот Универзитет и Студентскиот парламент на УКИМ. Со помош на студенти волонтери, од наведените високообразовни институции во два наврати било побарано да одговорат на прашања кои се однесувале на повеќе области, а од одговорите потоа се изведени детални заклучоци и препораки сумирани во веќе споменатата брошура.

Според Лазар Поп-Иванов од МОФ, најважниот заклучок од ова истражување е дека факултетите кои биле дел од него се на различен степен на спроведување на ЕКТС. ,,На различни факултети имплементацијата на ЕКТС е започната во различен временски период и оттаму секој од нив е на различно ниво на имплементација. Најголемите разлики сепак се во финансиите и инвестирањето во самите факултети како и кај реформирањето на факултетската администрација со цел да одговори на новите потреби од овој систем. Сите овие заклучоци и препораки ги поделивме во четири области кои ги сметаме како најважни и тоа: Студентски права, Факултетска администрација, Студентска мобилност и мобилност на наставните кадри и Финансии. Генерално во секоја од овие области сме некаде на половина пат, а она што треба да се направи е да се продолжи со реформите и недвосмислено да се инвестира во достигнување на критериумите поставени со Болоњската декларација", вели Иванов.

## Мислењето на студентите

Катерина Стојановска е студентка на Филолошкиот факултет, на Катедрата за англиски јазик и книжевност, која во текот на своето студирање имала можност да ги искуси и ,,стариот" систем и ЕКТС. Запрашана да ги спореди двата системи, таа вели: ,,Можам да кажам дека со ЕКТС на студентите им се нудат низа олеснителни услови за разлика од старата програма. Најпрво, многу е важно што испитите сега се

едносеместрални а не двосеместрални како порано. Многу е понапорно и помакотрпно да следиш еден предмет цела година и сите испити да ги полагаш во јунска сесија за прв пат. Друга олеснителна околност е што одредени професори, за жал не сите како што веројатно би требало, даваат поени за присуство и за презентации на час, што е дополнителен стимул да се следи наставата континуирано и да се положат успешно повеќе испити. Предност се исто така и колоквиумите, таму каде што професорите одобруваат, како и презапишувањето на предмети, доколку неуспешно се поминат. Она што е недостаток на двете програми е многубројноста на студентите по групи. Сметам дека многу полесно би се спровел ЕКТС системот доколку е помал бројот на студентите во групи. Полесно би било да се процени нивото на студентот и да се одржуваат колоквиуми. Сепак, го поддржувам новиот систем и се надевам сè поуспешно ќе биде спроведуван во иднина."

,,Излез" спроведе и анонимна он-лајн анкета за да дознае колкава е информираноста на студентите за ЕКТ системот и да го испита нивното мислење за неговото спроведување на факултетот на кој студираат. Анкетата беше промовирана преку Фејсбук и во неа учествуваа 125 студенти од повеќе факултети на УКИМ. На прашањето колку се запознаени со тоа како ЕКТС се спроведува на нивниот факултет, 44% од студентите одговориле дека се делумно запознаени, 32% дека се целосно запознаени, а 23% дека се недоволно запознаени.

Запрашани, пак, колку се задоволни од начинот на кој ЕКТ системот се спроведува на нивниот факултет, само 2% одговориле дека се многу задоволни, додека неверојатни 84% одговориле дека не се задоволни. 73% од испитаниците се изјасниле дека не се задоволни од квалитетот на знаењето што го добиваат во текот на студиите и од начинот на кој тие се организирани (деталните резултати од анкетата можат да се најдат на www.spisanieizlez.blogspot.com).

Не тврдиме со сигурност дека оваа анкета е сосема прецизен одраз на реалноста, со оглед на методологијата и неформалниот начин на кој беше спроведена. Но сепак фактот дека дури 73 студенти кои одговарале на анкетата оставиле забелешки во кои критикуваат различни аспекти од спроведувањето на ЕКТ системот е знак дека незадоволство постои и дека не сите студенти го делат позитивното мислење на Кристина за ЕКТ системот. Впечатокот што го добивме беше дека студентите одвај чекале некој да ги праша за мислење и да им даде можност да си ги искажат своите маки. Тие се жалат дека никој нема точни одговори на нивните прашања, дека реалните услови не соодвествуваат на барањата на системот, дека многу често професорите немаат волја да го прилагодат својот начин на работа на ЕКТС, дека системот се спроведува селективно, дека се намалува квалитетот на наставата и стекнатото знаење итн. Можеби најиндикативната забелешка што ја добивме беше: ,,Ask me what's right"!

Резултатите од оваа анкета, како и препораките од истражувањето на МОФ, треба да бидат доволен показател и поттик за факултетите да спроведат една своја внатрешна евалуација и анализа и самите да оценат до каде стигнале во спроведувањето на начелата од Болоњската декларација. Согледувањата до кои ќе дојдат треба транспарентно да ги споделат со студентите, бидејќи крајно време е Универзитетот да почне да се интересира за мислењето на студентите како крајни корисници на неговите програми. Во секој случај, треба уште многу да се направи во насока на информирање на сите учесници во високообразовниот процес за целите, предностите и правилата на ЕКТ системот, како прв чекор кон негова поефикасна примена.

Спроведувањето на ЕКТС е процес, а не активност што нашите факултети се обидоа да ја реализираат преку неколку чекори, главно сведени на ,,ајде ни рекоа од Горе од утре да бидеме ЕКТС". Недостига поставување инфраструктура и услови за воведување ЕКТС. Не може едноставно со одлука да се реши дека од утре го применуваме ЕКТС, а сè уште да е во употреба стариот неЕКТС mindset. Значи не може да се воведува ЕКТС со средства - читај професори, литература, принципи - кои се застарени и закоравени. Второ, самите студенти не се подготвени за ЕКТС. Тие не знаат што е ЕКТС и не знаат зошто е потребен ЕКТС. И овој проблем не се решава со еднорочни дебати и јавни дискусии, туку со системски пристап на повеќратни еду-информативни акции, преку различни медиуми и пристапи кои овозможуваат повеќенасочна комуникација. За крај, отсуството на свесна студентска маса која ќе ги бара своите права е вистинскиот проблем. Додека не се покрене инцијатива и не се покаже вистинска [неполитичка] потреба и познавање на ЕКТС од страна на студентите, надлежните нема ништо да направат. Чуму понуда, ако нема побарувачка?!
*Изјава од студент на Економскиот факултет, во рамките на анкетата ,,Вашето мислење за ЕКТ системот" спроведена од страна на ,,Излез".*

**Андријана Паскоска**, Филозофски факултет
**Даниела Атанасова,** Филолошки факултет

Интервју - Зоран Анчевски

# Студентите треба да се турбо-механизмот во општествената машина



Со Зоран Анчевски, професор по англиска книжевност и шеф на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет, разговаравме за спроведувањето на Европскиот кредит-трансфер (ЕКТ) систем, за ставот на студентите и нивната улога во целата приказна, за квалитетот на нашето образование...

**Професоре, до каде е имплементацијата на Болоњската декларација на Вашата катедра?**

Имплементацијата на Болоњската декларација и на ЕКТ системот на студирање кај нас започна уште со генерацијата запишана во 2005/06 година и оттогаш наваму се направени повеќе напори за нивна вистинска имплементација од кои се извлечени интересни искуства што се разликуваат од факултет до факултет, но што се однесува до Филолошкиот факултет „Блаже Конески" би можел да ги наведам следниве заклучоци: како прво, со воведувањето на ЕКТС се влезе без доволна подготовка не само на наставниот, туку и на административниот персонал. Второ, сметам дека не се направи доволна анализа за потребите од кадровска, просторна и техничка опременост, дури и за една првична примена на системот што, очигледно, подоцна ни се врати како бумеранг, т.е. можеби како најтрауматично искуство што сè уште трае. Но најстрашно од сè, според мене, е што ни до ден-денес не се создаде доволна критичка свест за промените што ваквиот систем на студии априорно ги бара. За секоја промена најпрвин е потребна промена на свеста кај сите учесници во процесот, а тоа за жал, не се случи во доволна мера. Сметам дека не се случи ни некоја „длабинска" трансформација во самата структура на факултетот, па затоа, првичната имплементација се сведе на „шминкање" на стариот систем, и недозволиво и некритичко „множење" на курсеви, студиуми и катедри, што веќе се покажува како редундантно и неспоиво со затекнатите можности на факултетот, но сепак и понатаму се „фура на ура".

**Со кои сè предизвици се соочува наставниот кадар во процесот?**

Како што веќе споменав, во моментов постои сериозен расчекор помеѓу желбите и можностите. За едно општество во транзиција (која заради објективни и субјективни причини, трае предолго), условите што ги наложува ЕКТС честопати ни се гледаат како „луксуз" неспоив со практиката. Се разбира, направени се извесни поместувања нанапред, но тоа е премалку. Накусо ќе набројам неколку горчливи проблеми што нè „јадат" нас како

Катедра за англиски јазик и книжевност и, за жал, како најголема катедра на Филолошкиот факултет: редовно и драстично пробивање на уписните квоти „одозгора“, без никакви претходни консултации и соодветни анализи за просторните и кадровските можности на Катедрата да „вдоми“ толкав број студенти (во моментов тој се искачи до речиси фрапантни 1,400 студенти во сите четири студиски години, што значи се бара дури и „место за стоење“ во предавалните); запирање со неопходната обнова на кадарот (се работи за проста замена на пензионирани со млади кадри), така што тој во моментов брои 18 наставници и лектори, но само 1 (еден!?!) соработник-асистент (без тука да се вбројат демонстратори и надворешни стручни лица, кои де ги има - де ги нема); непостоење на речиси никакви современи технички помагала и услови за работа според ЕКТС (особено е тежок проблемот со јазички и толкувачки лаборатории), итн.

## ЕКТС - „шминкање" на стариот систем наместо „длабинска" трансформација

**Од кои причини, според Вас, упорно, со години се провлекува хибридот на стариот систем на високо образование и системот-цел? Дали се работи за недостиг на флексибилност, на волја, на средства, на координација?**

Не мислам дека се работи за хибрид, туку за монструозен мутант. Причините за неговото опстојување би ги свел на следниве: прво, немањето доволно свест за промени, како што веќе забележав е најголемиот проблем од кој се генерираат сите други. Второ, неверојатната удобност и лежерност кај одреден број наставници во рамките на стариот систем резултира во нефлексибилност, неволност да се прифатат не само структурните новини во системот, туку и новите методологии (и технологии) во наставните процеси кои тој систем ги наложува. Се разбира, кога тоа ќе се поврзе и со незначителните инвестиции (некои од нив и целосно промашени) во правец на подобрување на условите за работа, речиси без никаква реформа во административниот дел, имплементацијата на ЕКТС ја прави уште посложена задача. А според народната, ако монструмчето не се отстрани уште како мало...

**Што треба, и што реално може да се направи во сегашните услови, за да се приближи форматот на македонските студии до оној кој го уживаат нашите колеги во поразвиените земји?**

ЕКТС веќе се покажа како горчливо искуство и во некои поразвиени и „побогати“ образовни системи во западна Европа, така што не знам дали некој „ужива“ дури и во тие системи. Не сум чул до сега дека некој ужива во транзиција или трансформација. Тоа значи дека нема систем кој може веднаш совршено да профункционира, што ќе рече дека системот, како систем, треба да се реновира и ревидира „во од“. Но станува јасно и тоа дека без оглед колку сме носталгични по некои претходни системи – враќање назад нема. Значи, во моментов најважно од сѐ е да се започне сериозна анализа (поминаа веќе цели 5 години!) на стореното и да се извлечат приоритети во доградбата, надградбата или ревизијата на системот. Се разбира, барем кај нас, има огромен простор за тоа, бидејќи сметам дека ние реално сѐ уште не сме ја довршиле првичната имплементација на истиот, но никако не смее да се допушти тој да се развива стихијно, како дивоградба. Истовремено, треба будно да се следат реакциите на тие што се понапред од нас, за да не ни се случи (како што често ни се случува) да ги повториме грешките што тие веќе ги направиле и евидентирале. Но... можеме ли?

**Каде се студентите во целиот процес на адаптација и дали тие го извлекуваат подебелиот крај во однос на квалитетот на нивното оплеменување со знаење?**

Би рекол дека и студентите се недоволно подготвени да ги сфатат основите на новиот образовен систем, бидејќи не верувам дека за тоа добиваат валидни информации, насоки, објаснувања во завршната година од нивното средно образование. Кога ќе дојдат на факултет, веќе е предоцна. Од друга страна, пак, Сојузот на студентите и Студентскиот парламент се преокупирани со сѐ друго, само не со навремено

и едноставно информирање на студентите за новиот систем. Со еден збор, студентите доаѓаат на фалкултет сосема затекнати и збунети и навидум, како што велите „го извлекуваат подебелиот крај". Сепак, крајно е погрешно да се мисли (и тоа од страна самите студенти) дека се „јагнија за колење". Но вовлечени во разно-разни политички (особено „квази-политички") игри, мнозинството од студентите не е ни свесно за моќта што ја има во процесите на студирањето (да се разбереме, тука не се работи за летаргија, туку за класично незнаење, а ако не е ни тоа, тогаш ќе да е некој наметнат страв, комплекс или сл.), па затоа основната максима што ја гледам на секој чекор е „не таласај", при што времето поминато на студии се смета за епизода во животот што треба најпрагматично (најитро?) да се искористи. Ако некој сака брзо и итро да се протне низ системот, тогаш за какво „оплеменување со знаење" може да стане збор? Зарем тука не треба да се види и еден тип на „самокоруптивно" однесување на студентите? А за тоа треба да се позанимаваат не само педагозите, туку и социолозите, антрополозите, политиколозите и сл.

**Дали сметате дека студентите се навикнаа на просто меморизирање на готови, набројани факти, без да се развива нивното чувство за селекција и апликација на знаењето во реалните ситуации од животот?**

Да се надоврзам на претходното: студентите се подготвени да сторат сè само што побрзо да стекнат диплома, па макар тоа било и меморизирање на цели учебници кои, се разбира, за кусо време ќе ги заборават. Образованието и реалноста (ако под тоа подразбираме некаква општествена инфраструктура) се толку многу меѓусебно оддалечени што одвај да постои каква и да е планирана соработка во доменот на стипендирање и вработување. По завршувањето, новите академски граѓани се пуштени во „дивината" на стварноста, или на т.н. „пазар на трудот", каде ни Господ не може да им помогне, доколку немаат некој „вујко (владика?)" наместен на вистинско место од разно-разни центри на моќ. За каква селекција и апликација на знаењето може да стане збор, ако за студентите поимот „селекција на знаењето" се сведува на учење од некое неавторизирано „скриптиче" што се шитка под рака со кеш-на-рака во некоја пиратска фотокопирница? Учење во библиотеки, што беше тоа ако не рецидив од гнилиот социјализам? За каква „апликација на знаењето" може да стане збор, ако не постои реален „простор" каде што тоа би можело да се аплицира и вежба во текот на студиите?

**Дали се согласувате дека факултетите кај нас развиваат една култура на препишување кај студентите со семинарски што се прават само формално и по пат на плагијат? Како да се искорени оваа појава?**

**"Long live the Internet",** ете тоа е магичниот слоган на студентите при изработката на семинарските, особено во средини каде професорите или не знаат да користат интернет како што треба или заради големиот број на студенти, немаат доволно квалитетно време за да се посветат во „ловење" на плагијатите. Тие што го наоѓаат, се најчесто заобиколени од самите студенти, коишто по линија на помал отпор, земаат семинарски работи таму каде што „лесно ќе поминат". Познато е и тоа дека постои цел бизнис за изработка на семинарски, што дури и јавно се рекламира по огласните табли на факултетите. За да се искорени оваа појава некаде се поаѓа од најлесното, но и најбизарното: се укинува нивната изработка! Па така, добиваме студенти кои за првпат се соочуваат со „истражувачка работа" кога треба да предадат дипломски трудови – а тогаш е веќе доцна за сè. На тој начин, наместо плагијатот да се спречи на време преку изработката на семинарските работи уште во раните фази на студиите, тој (под притисок што се вика дипломирање) се легализира во дипломските.

**Колку професорите реално очекуваат и бараат самоиницијативност од студентите, и колку се отворени за новитети и за личен израз на единката, т.е. проактивно вклучување на студентот во неговиот процес на формално наобразување и негова оригинална научно-истражувачка работа?**

Како може да се очекува самоиницијативност кај студентите кога, како што веќе реков, мнозинството го одбира „не таласај" системот на студирање. Како може да се поттикнува самоиницијативност кога, барем на мојата Катедра, бројот на студенти на семинарите и вежбите е над 30, па така, ако на некој му се случи самоиницијативност, бива омразен и прегазен од рестото! Кога не постои соработнички кадар кој преку консултации и вежби во помали групи ќе ги поттикнува студентите на квалитетна работа и притоа и самиот ќе си го „пече" наставното искуство? Јасно ми е дека „проактивното" и „интерактивното" учење се во мода, дека тоа го бара и ЕКТС, но за тоа не постојат изградени услови, барем не на мојата

Катедра. Без оглед колку се труделе, не е можно да се организира таква настава во предимензионирани групи, без јазични лаборатории и кабинети.

**Дали сметате дека образованието што ќе го стекнат студентите на државниот Универзитет ќе ги направи, реално, конкурентни на светскиот пазар на трудот, кој цели кон иновација, брз напредок, и адаптација на истиот?**

Некои да, некои не. Како што всушност е и насекаде во светот. Сметам дека студиските планови и програми на мојата Катедра се добро срочени и кореспондираат со релативно високи стандарди (европски, светски). Немањето соодветни услови за нивна адекватна реализација им го отежнува патот на оние студенти кои студиумот си го сфаќаат сериозно и му се посветуваат со сиот свој капацитет. Во последниве две-три години ме радува податокот што еден дел од нив успешно се кандидираат за стипендии вон земјата и без проблеми ја продолжуваат својата наобразба дури и на некои водечки европски и американски универзитети. Но не ме радува податокот што мнозина од нив, откако ќе ги искусат условите за студирање надвор, по своето дипломирање, магистрирање или докторирање не ни помислуваат на враќање назад. Во домашни рамки, сметам дека Државниот универзитет сè уште го има приматот во бројот на квалитетни кадри и студенти, но не и во услови за студирање. Токму тоа ме наведува да се запрашам до кога ќе трае ваквата ситуација? Доколку Државниот универзитет не добие вистинска поддршка од државата која, пак, неговата трансформација ја сведе на негова дисперзија со крајно популистички цели (студентот статистички не се води како невработен, на пр.), тогаш наскоро може да бидеме сведоци на тежок колапс на државниот високообразовен систем. Да се разбереме: универзитетската наобразба не е законска обврска, а ако е тоа така (а така е), тогаш таа не треба да се сфаќа популистички, туку елитистички. Ако се работи за државен универзитет, на него треба да се направи обид да се избираат најквалитетните од јавните средни училишта, за кои, пак, државата и заинтересираните субјекти во стопанството ќе обезбедат пристојни (не мора да се ни толку европски!) услови за студии и за стипендии. За другите, пак, кои (без оглед на квалитетот) преферираат или можат да си дозволат приватно студирање или, во краен случај, се „изгорени“ да станат академски граѓани, има сè повеќе приватни универзитети. Арно ама ... како што стојат работите, ако мајка загубила дете, сигурен сум дека ќе го најде на некој од дисперзираните државни универзитети и факултети. Сега, по оваа јалова и хаотична дисперзија, како е можно да се фокусираме врз иновација, адаптација и апликација на знаењето. За тоа се потребни високо специјализирани и соодветно опремени универзитетски центри, а не бивши касарни и селски задруги, иако (за волја на вистината) и сегашните кампуси сè повеќе ни наликуваат на такви.

**Што сметате дека студентите треба да направат за себе, како тие можат да станат креатори на сопственото академско искуство и неговиот квалитет?**

Во вакви услови добронамерниот, кој не сака да шири дефетизам, најоптимистички би рекол: „трпение – спасение“. Но дали е тоа решение? Студентите, по дефиниција, треба да се турбо-механизмот во општествената машина. Ако тој механизам не проработи, тешко на машината: ќе чади и ќе пуфка извесно време и на крај ќе цркне. Но за да биде тоа што треба да биде, студентот треба да биде свесен за себеси и за својата функција во општествената машина. Ако не е така, тогаш не заслужува ни да биде студент. Ако и понатаму ја пика главата под клупа пред секоја проверка на знаењето (небаре гимназиски ној во универзитетска клупа), тогаш џабе напорот – и негов и на наставникот. Доколку се согласуваме дека универзитетското образование е елитно, тогаш тука не смее да се дозволи интелектуална „уравниловка“, туку да се поттикнува индивидуалноста. Токму тука треба да се разлачи интелектуалното медиокритетство од интелектуалната (академска) авангарада. Но далеку сме ние од тоа. Бааајги далеку.

Нови студентски движења

# Прва Архи Бригада: протест преку стручна критика

.

Прва Архи Бригада, веројатно најконтроверзна студентска иницијатива во последните неколку години, барем според тоа како беше сфатена и прикажана во медиумите и во јавноста. Драган Крстевски – Ѓаго, член на организацијата,ги објаснува идеите и намерите на организацијата.

**Иако студентската јавност веке слушнала за вас, сепак како би ја дефинирале Прва Архи Бригада?**

Прва Архи Бригада е група на студенти од Архитектонскиот Факултет и млади архитекти кои сакаат да произнесат една своја критика (позитивна и негативна) за архитектонските и урбанистичките случувања во градот, а со тоа и да предизвикаат поголем интерес кај сите граѓани, а посебно кај стручната јавност за секој слободно да го искаже својот став и активно да земе учество во креирањето на својот град.

**Како сте организирани, имате ли некоја формална структура?**

Структура или хиерархија во ПАБ нема. ПАБ настана спонтано, во моментот кога почнаа да се преземаат клучни градителски активности во Скопје кои според нас беа погрешни, а и според многу други, но сепак сите молчеа. Тогаш сметавме дека треба некој да го искаже јавно својот став и да се развие поголема стручна и граѓанска дебата пред да се подигаат градби кои заземаат централно место во ликот на градот.

**Која беше основната идеја на почетокот со која ги организиравте вашите први активности? Дали сами го организиравте Првото Архитектонско востание?**

Основната идеја беше да се изрази еден став кој е различен од она што се предвидува да се гради во градот. Сакавме да ја вратиме професијата - архитектурата, таму каде што и е местото , а тоа е меѓу архитектите. Сакавме да покажеме дека ние архитектите имаме различен став и имаме аргументи за него. Поради тоа што на сите забелешки во печатените медиуми и приговори кога се креираше деталниот урбанистички план никој не реагираше, сметавме дека треба јавно, во еден вид на протест да го кажеме ставот. Тоа резултираше со Првото Архитектонско Востание кое го организиравме комплетно сами, сами собравме пари за хамери и спрејови и сами го испрскавме слоганот „Не го силувајте Скопје" на околу 200 хамери. Сето тоа го правевме во училна на АФ.

**Една година по 28 март 2009 и насилството врз кое бевте подложени на плоштадот додека се обидувавте да го спасите Скопје од "(не) урбаното насилство", како гледате на тој настан кој доби толкаво внимание во јавноста?**

Па, искрено, како на еден настан кој немаше потреба да се случи, но кој поради сите околности и незнаењето на надлежните стана неопходен. Мислам дека Првото Архитектонско востание е прв професионален протест на студенти кај нас кој им даде храброст потоа и на многу други студенти да го искажат своето мислење или револт и за многу други сфери. Кога се организираше Првото Архитектонско востание ние не се ни надевавме дека некој ке го забележи бидејќи сметавме дека архитектурата е сè уште критички маргинализирана тема кај нас. Сепак, целиот протест беше погрешно пренесен во медиумите и на крајот наместо архитектонска доби верска конотација. Од денешен аспект сметам дека

# Архитектурата е дел од животот на сите граѓани

на сите им е јасно дека нашиот протест беше против објект на таа локација на плоштадот без разлика на намената на објектот. Имавме и стручни аргументи зошто таа локација треба да остане празна. Сепак, на крајот луѓето го сфатија протестот повеќе како еден демократски чекор во земјата отколку како стручна архитектонска критика.

**Дали ја сметате за успешна вашата иницијатива против објект на плоштадот Македонија? Како би го оцениле исходот?**

Иницијативата не може да биде успешна додека не се оствари. Така што, сметаме дека успеавме малку да ги поттикнеме луѓето да заземат став конкретно за ова архитектонско прашање и да сфатат дека архитектурата е дел од нивниот живот и дека таа многу може да ја смени атмосферата во градот, при што тоа ќе го почувствуваат сите, не само архитектите. Првенствено, архитектурата им служи на граѓаните и тие треба секогаш да имаат став за одредени архитектонски случувања, а архитектите со своето знаење да успеат тие нивни барања да ги трансформираат во квалитетна и функционална архитектура.

**Од вашата иницијатива се изродија други, се вмешаа и политички партии и други организации, имаше разни шпекулации... Дали се чувствувате злоупотребено?**

Да, сметам дека воопшто немаше потреба да се става партиска позадина на настанот. Немаше ни никаква причина за тоа. Сепак, мислам дека од старт протестот беше погрешно сфатен и зеде целосно погрешна насока во неговото понатамошно перцепирање од страна на оние кои го креираат јавното мислење.

**Дали денес се чувствувате пoслободни како студенти да го изразите своето мислење, односно се смени ли нешто по медиумскиот прав што се крена околу вашите протести?**

Не можам да кажам дека се чувствуваме послободни бидејќи покрај медиумскиот прав имаше и прекршочни пријави против нас кои сè уште траат. Поради тоа ние по протестот бевме исплашени да продолжиме со уште некоја активност за искажување на наша архитектонска критика, а мислам дека и пријавата која ја поднесоа против нас ја имаше токму таа цел. Па така, мислам дека нашето општество сè уште не е подготвено за јавно изнесување на различни ставови и нивно почитување.

**Како ја одбележавте годишнината од Првото Архитектонско востание?**

Годишнината ја одбележавме со изложба на тарабите со кои сега е ограден плоштадот Македонија. Токму на тоа место пред една година кога плоштадот беше слободен се случи и Првото Архитектонско востание. Изложбата имаше 3 дела: фотографии од модерно Скопје, студентски проекти и конкурсни трудови. Со тоа сакавме да ја запознаеме јавноста со вредностите кои Скопје ги има од архитектонски аспект, да покажеме дека може да има интернационален и траспарентен конкурс за локациите во градот како што кај нас на факултет секој студент од генерацијата има свое решение за одредена локација и да покажеме кои се оние конкурсни трудови кои имале современ карактер, а сепак победиле не-конкурсните.
Што се случува во моментов со Прва Архи Бригада?

Во моментов ги сумираме нашите акции кои сме ги презеле во изминатата година и сакаме да издадеме брошура во која истите ќе бидат наведени заедно со нашите ставови. Исто така, кон почетокот на мај планираме да направиме уште една архитектонска изложба во Културниот Центар ЦК која би траела една недела и би била збогатена и со промоции, дебати и друго...

**Досега за сите информации за ПАБ и околу вашите активности дознававме од вашата Facebook група, дали покрај ова имате и некој друг извор на информации?**

Покрај facebook од пред неколку месеци ПАБ има и свој блог каде што објавуваме критички текстови и известуваме за нашите активности. Блогот е: pab.blog.mk. Исто така, секој може да ни се обрати и на нашата меил адреса: prvaarhibrigada@gmail.com

**Наташа Ѓорѓиевска, Архитектонски факултет**

Нови студентски движења

# Слободен индекс: Доста бевме нива за орање!

,,Слободен индекс" е студентска организација која постои релативно кратко време, од почетокот на 2009 година, но бргу успеа да се наметне како поборник за студентски активизам и да артикулира свои барања кои ги изразува низ разни активности. Во есенскиот семестар во 2009 година организираше протест за подобрување на студентскиот стандард во кој учествуваа околу 600 студенти. Го замоливме Борис Каески кој е член на движењето од почетоците да ни ги доближи идеите и активностите на ,,Слободен индекс".

**Кога се формира ,,Слободен индекс"и која е првичната цел?**

Искрено, не верувам дека постои точен датум на формирање на ова независно студентско движење. Сè започна со неколку состаноци на неколкумина истомисленици, кои воопшто не се познававме и ширејќи ја нашата идеја и револт, едноставно се создаде ова движење. Верувам дека ќе го одбележуваме 21 Мај како датум важен за ,,Слободен индекс", ден кога го организиравме првиот целосно автономен студентски протест на Универзитетскиот кампус на УКиМ. Како што беше истакнато на самиот протест, нашите првични барања се нашата цел – Бесплатно високо образование. Истото го уживаат студенти на голем број на држави во светот, но и нашите постари браќа и сестри го уживаа истото до 2002 година.

**Зошто нема официјален претставник на ,,Слободен индекс"?**

Во ,,Слободен индекс"веруваме во хоризонталната организација, на тој начин секој има шанса да го каже својот став т.е. да изнесе мислење по одредена проблематика која ги засега студентите. Но, не секој глас вреди подеднакво. Сепак предност даваме на најактивните членови на движењето кои што на повеќе начини придонеле за дејствувањето на движењето. Одлуките ги носиме по исцрпна дискусија и ислушување на сите ставови.

**Кои се вашите досегашни најуспешни активности?**

Сметам дека извршивме големо влијание и издејствувавме повторно отварање на студентското радио. Покрај тоа, сметам дека самото внимание кое го добивме од медиумите кревајќи го гласот, придонесе за будење на пасивната група академски граѓани коишто полека но сигурно стануваат свесни за проблемите кои ни се наметнати, проблеми кои доколку не се решат ќе бидат фатални не само за иднината на самите студенти како граѓани на Р. Македонија, туку и за целото наше општество. Од скоро, почнавме да организираме и културни настани за да го разбиеме сивилото, и како еден од најуспешните би го истакнал настанот одржан во клубот Кастро, концертот "Tribute to Rage Against the Machine".

> Бесплатно високо образование за сите студенти.




**Какви се реакциите од студентите во однос на тие активности, а какви се реакциите на медиумите?**

Доволно заинтересираните и информираните студенти, секако дека позитивно реагираат на нашите активности, додека кај медиумите сме различно примени. За жал, мал е бројот на медиумите во РМ кои што објективно ги пренесуваат информациите, а уште помалку кога се против или во корист на една мала група на граѓани коишто ги влечат сите конци и им одговара сегашната ситуација во државата – пасивни студенти и нива за орање.

**Очигледно имаше некои студенти што се обидуваа да агитираат со веење на партиски знамиња за време на некои од протестите. Кој е вашиот став во врска со тие инциденти?**

Хахаха .. дали навистина истите лица беа студенти, или едноставно полтрони на некоја од партиите кои имаат/немаат корист од активностите на движењето ,,Слободен индекс". Можам да навлезам во детали, но тоа повторно би го свртело внимнието од нашите барања, па радо ќе го прескокнам тој дел. Само едно ќе кажам и најодоговорно тврдам дека движењето ,,Слободен индекс" е неформална, политички и финансиски независна група на студенти од јавните универзитети, и ништо повеќе од тоа.

**Какви соработки имате со други студентски организации и што имате досега постигнато?**

Поради нашата одлука да функционираме само како движење и да ја избегнеме институционализацијата на движењето, сè уште сме неподобни да почнеме соработка со останатите студентски организации со кои можеби и би оствариле соработка, но ќе истакнам дека додека ситуацијата во СПУКМ е таква каква што е, ја одбиваме секоја соработка со нив поради повеќе причини, а една од нив се нетранспарентно спроведуваните студентски избори во минатото и нашето убедување дека истата се користи само како отскочна даска во валканиот и лажлив политички свет на лицата кои се поставени на функцијата Претставник на студентите од УКиМ. Би додал дека ,,Слободен индекс"се залага за партиципативна демократија, т.е. буквално секој студент да има право да се изјасни по прашање на која било проблематика која го засега, а не да го прават тоа претставници, кои повторно се само наследници на некои нетранспарентно поставени претходници т.е. претставници на локалните канцеларии на поранешниот ССУКиМ а денешно СПУКМ на факултетите.

**Имајќи предвид дека нема официјален претставник на ,,Слободен индекс", како постигнувате консензус околу платформата и ставовите, на пример ставот кон реактивирање на апсолвентските ваучери?**

Како што спомнав во одговорот на едно од претходните прашања, организацијата во ,,Слободен индекс"е хоризонтална и секој е слушнат, но предност се дава на најактивните членови. Во врска со прашањето за ваучерите, по долга и исцрпна дискусија, дојдовме до став ваучерите да бидат исфлени од барањата на движењето. Сметаме дека студентите во Р. Македонија се соочуваат со далеку поголеми и посериозни



проблеми од недобивањето на ваучер за компјутер во вредност од 250 евра. Но имаме предлог. Наместо власта да дава ваучери




во вредност од по 250 евра за компјутери и/или компјутерски делови, со тие пари може да ги плати партиципациите на апсолвентите за нивната последна година од студирање, па дури и да се намали партиципацијата на пост-дипломците. На тој начин многу повеќе ќе добијат студентите. Апсурдно е да бараме ваучери кога сè уште плаќаме за студирање. Или доколку не ви се допаѓа тој предлог, тогаш нека ги плати сместувањата во студентските домови, или нека исполни кое било барање од оние што ние како движење ги имаме наведено.

Нашата совест не ни дозволува да бараме ваучери пред да можеме да бараме значително подобрување на условите за живеење во студентските домови, навременото исплаќање на стипендии и кредити (но и транспарентен и фер начин на доделувањето на истите), греење во факултетските објекти, вистинска автономија на универзитетите, студенски бенефиции (превоз, културни настани и сл.) и секако укинувањето на партиципацијата која беше воведена во 2002 година!

**Дали мислите дека македонскиот студент ретко си ги знае правата и ретко се ангажира да ги реализира?**

Ќе го изнесам личниот став по ова прашање, а тој е: македонскиот студент не си ги знае правата поради тоа што "легитимните" претставници на студентите (СПУКМ, порано познато како ССУКМ) никогаш се немаат потрудено да ги информираат студентите или уште помалку да ги поттикнат студентите да го кренат гласот против одлуките кои се донесени спротивно од користа на студентите. Во текот на годините, бенефициите кои постоеја за студентите постепено се скратени, а студентот молчи. Зошто?
Исто така, сметам дека голема одговорност за оваа состојба има и нашата интелектуала елита којашто не го поттикнува студентот да размислува само-/критички и го сведува неговото студирање на ниво на обична рутина којашто создава граѓани на ова општество кои се целосно незаинтересирани и пасивни по основ на секое прашање.

**Дали примате финансиска или каква било поддршка од некоја политичка партија, на пример за печатење или реквизити?**

Секако дека НЕ! Тие што не веруваат и сметаат дека е поинаку, ги поканувам да присуствуваат на состаноците на ,,Слободен индекс" (закажувањето на состаноците се објавува на Фејсбук групата на ,,Слободен индекс"), па нека си одговорат самите на тоа прашање.

**Кои се вашите идни планови?**

За во блиска иднина се планирани активности преку кои ќе се популаризира движењето и идејата која стои зад истото, да се информираат студентите за нивните права, фактичката состојба кај нас и во светот. Истите ќе бидат спроведени во вид на јавни трибини со настапи на јавни личности и професори од УКиМ, културни настани и работилници итн.

**Колку користите социјални мрежи за контакт со студентите и дали имате интернет страница?**

Во денешно време, неизбежно е да се користат сите можни алатки за постигнување на целта, којашто во нашиот случај е подигнување на свеста на студентите и граѓаните на РМ за состојбата во изминатите две декади и како истата ситуација на status quo влијае негативно на целокупниот развој на нашето општество. За таа цел ја користиме групата на популарната мрежа Фејсбук (Слободен индекс) и нашата интернет страница: http://www.slobodenindeks.tk/

**Дамјан Цветков-Димитров,**
**Филозофски факултет**
**Фотографии: Дамјан Цветков-Димитров**

# НА ЧЕКОР ДО ЕВРОПСКАТА МОБИЛНОСТ

## Преку европските програми „Еразмус" и „Базилеус", студентските размени на дофат на македонските студенти

Во строгиот центар на Скопје, како по некое непишано правило, владее вообичаен попладневен хаос. Булеварите и шеталиштата се преплавени од луѓе. Од излогот на МК-ЕУ инфо центарот на Плоштадот Македонија се назираат куп шарени брошури со фотографии на насмеани лица, неодоливи европски метрополи и видео записи на прекрасни универзитетски кампуси — ентузијастички обид и кај нас да се промовира и унапреди европската идеја за „единство преку различност".

Откако минатата година европските институции го отворија затегнатиот обрач на визната бариера, сите граѓани на Република Македонија можат слободно да патуваат во земјите на Европската унија. На оваа одлука особено се радува младата популација чија иднина, бездруго, е предодредена во рамките на европското семејство. Удел во таа приказна на Македонија на патот кон европската интеграција има и поддршката која младите луѓе — како никогаш досега — ја уживаат од бројни организации, агенции, фондации, и пред сè, од студентски програми за размена на Европската унија.

И покрај мноштвото недоречености и проблеми со кои се соочуваат на домашен терен, нашите студенти со отворени раце ја дочекуваат можноста за стекнување знаења, искуства и нови пријателства низ Европа и светот. Неофицијално, довербата на нашите студенти во странските универзитети е далеку поголема отколку во домашните, но доскорешната визна бариера не им даваше голем избор кога се во прашање мобилноста и студентските размени. Згора на тоа, за нашите студенти најгорлив проблем останува сè уште недоволната информираност и отежнатиот пристап до актуелните повици за стипендии, патувања и студентски размени. Досегашните статистики покажуваат дека бројот на студенти од Македонија кои заминале на студиски престој во странство е поразителен. Ситуацијата, сепак, постепено се менува во позитивна насока и ветува поголеми шанси за секого.

Со процесот на претворање на светот во глобално село и засилената конкуренција на пазарот на трудот, за студентите стана особено важно, во својата биографија да впишат колку што е можно повеќе искуствата стекнати надвор од матичната земја. Ако кон тоа се додаде дека современите трендови во професионалниот живот наложуваат постојано надградување на личното знаење, вредноста на студиските престои во странство се покажува како непроценлива. За Македонија да стане конкурентна земја на светската сцена, неопходно е нејзината млада популација како двигател на промените во духот на мултикултурната традиција на земјата, да покаже високо ниво на знаење, вештини и академски квалификации.

Во идеално сценарио, стипендиите отвораат можности за директни контакти меѓу студентите; за културна и научна размена на вредности кои потоа се унапредуваат на соодветен начин во матичната земја. Тоа е, всушност, еден од носечките столбови на Болоњската декларација која годинава го слави својот десетгодишен јубилеј. Ваквите студиски програми му даваат можност на секој поединец да конкурира според своите квалитети и лични убедувања, а тоа значи демократизација на високото образование во вистинска смисла на зборот.

Ваквите можности кон кои Македонија ревносно ита, на извонреден начин го проектираат изгледот на животот и чувството на слобода во европското семејство за која сонува секој граѓанин на Македонија. Имајќи ги предвид овие сознанија, оптимистички се обидовме да направиме пресек на најважните — помалку или повеќе — познати студентски програми за кои можат да аплицираат сите студенти од државните универзитети во земјава.

# ЕРАЗМУС

Програмата за доживотно учење, односно нејзината потпрограма „Еразмус", основана во 1987 год., е двигател на модернизацијата на европското високо образование, воопшто, и го инспирира воспоставувањето на Болоњскиот процес. „Еразмус" има за цел да придонесе за развој на Европа како напредно општество со одржлив развој, за поголема општествена кохезија и повеќе работни места за своите граѓани. Програмата поттикнува размена, студентска мобилност и соработка во високото образование ширум Европа. Нејзините различни активности им овозможуваат на студентите да студираат извесен период во странство. Покрај тоа, програмата претставува и поттик, високообразовните институции интензивно да соработуваат преку соодветни академски структурни мрежи и мултилатерални проекти.

**Кој може да аплицира за Еразмус?**

Аплицирањето за програмата „Еразмус" се врши директно на универзитетот на којшто студирате. Како кандидат мора да ги исполнувате следниве критериуми:

-Да имате македонско државјанство;

-Да бидете запишани на додипломски, постдипломски или на докторски студии на високообразовна институција која има склучено Еразмус универзитетски чартер (Erasmus University Charter) со Европската унија. Со овој чартер (договор) на универзитетите им се одобрува да учествуваат во програмата „Еразмус". Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" веќе има склучено Еразмус универзитетски чартер и сите негови студенти можат да се пријават на конкурсот.

-Студенти во прва година не може да конкурираат;

-Времетраењето на мобилноста мора да изнесува минимум 3, а максимум 12 месеци;

-Студентот ќе ја реализира својата мобилност на една од високообразовните институции со кои матичниот универзитет има склучено Еразмус-билатерален договор (Erasmus Bilateral Agreement).

**Како да се пријавите за Еразмус?**

Сите универзитети кои имаат склучено Еразмус чартер, распишуваат конкурс за пријавување на кандидати двапати годишно: на почетокот на годината (февруари) за студиски престои од октомври, и на крајот на годината (ноември) за студиски престои кои ќе почнат во февруари. Обратете внимание на роковите одредени од страна на Вашиот универзитет. Апликацијата може да се преземе од веб-страницата на универзитетот на кој студирате или на универзитетот во странство на кој сакате да студирате извесен период.
Селекцијата на кандидатите ја прави факултетот на кој студирате, согласно одредените критериуми. Студентите лично ги поднесуваат документите за Еразмус-мобилноста до Еразмус-координаторот на матичниот факултетот.

Висината на стипендијата, во зависност од средствата доделени од ЕУ, варира секоја година. Месечниот износ за академската 2010/2011 год. е 310 евра. Партиципацијата за студирање на странскиот универзитет е платена од самата програма. Сепак, патните трошоци и здравственото осигурување го покриваат лично кандидатите.

За подетални информации посетете ја веб-страницата на матичнот универзитет: www.ukim.edu.mk или веб-страницата на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност: www.na.org.mk .

# ЕРАЗМУС МУНДУС

Со програмата „Еразмус Мундус - Прозорец за надворешна соработка" се обезбедува финансиска поддршка во форма на грантови за мобилност на студенти, истражувачи и наставен кадар од земјите на Западен Балкан, чија цел се постдипломски студии на некој од универзитетите во земјите на ЕУ. Со оваа програма им се дава шанса на балканските универзитети да ги доближат своите програми до европските, во перспектива на идното членство на балканските земји во Унијата.

Идејата на „Еразмус Мундус" е да се направи мрежа од европски универзитети што сакаат да соработуваат со универзитети од трети земји. Студентите од универзитетите, кои сакаат да бидат дел од таа мрежа, можат по завршувањето на

четвртата година од додипломските студии, доколку имаат солиден просек, да побараат својот мастер да го изработат на некој европски универзитет. Услов е студентот да мине шест месеци во една, а потоа уште шест месеци во друга европска земја и доколку е можно, да научи два европски јазика. Селекцијата на кандидатите се врши во Брисел. Студентот што смета дека ги исполнува условите треба да испрати електронско писмо до ЕК, а може да се пријави на конкурс да студира во ЕУ на најмалку два универзитета, во најмалку две европски земји во текот на цела една година.

За академската 2010/2011 год., Европската комисија избра педесет курсеви за мастер студии. Со одредениот буџет се предвидени вкупно 116 стипендии за мастер студии. Новост од оваа година се тринаесет курсеви за докторски студии кои ќе се додадат во понудата за стипендирање во рамките на програмата. За да бидете примени на мастер студии, треба да одберете еден од курсевите кои се нудат на некој од странските универзитети и својата кандидатура да ја испратите до посакуваниот универзитет кој учествува во програмата.

Понудата на мастер курсеви се менува секоја година. На веб-страницата на „Еразмус Мундус“ ќе ги најдете сите детали, во зависност од профилот на мастер програмата која би сакале да ја посетувате: http://eacea.ec.europa.eu/erasmus_mundus .

## ЕРАЗМУС СТУДЕНТСКА МРЕЖА МАКЕДОНИЈА

Еразмус студентската мрежа Македонија (ЕСМ Македонија) ја спроведува мисијата и визијата на интернационалната Еразмус студентска мрежа — Erasmus Student Network (ESN) како една од најголемите меѓународни студентски организации во Европа, присутна во повеќе од 340 високообразовни институции, во 33 држави, со околу 12 000 активни членови кои работат со повеќе од 150 000 интернационални студенти и студенти кои учествуваат во размена на годишно ниво.

Елена Николова, националниот претставник на ЕСМ Македонија вели дека оформувањето на оваа мрежа во Македонија се наметнало само по себе од потребата на македонските студенти за повеќе информации за можностите за студентски мобилности и нивна интернационализација. Свој придонес во голема мера имаа и специфичните активности кои Еразмус студентската мрежа им ги нуди на студентите низ Европа, почитувајќи го принципот според кој „студентите им помагаат на студентите“ и необичниот начин на кој таа влијае во креирањето на европската образовна стратегија.

ЕСМ Македонија цели кон зголемување на студентската мобилност во високото образование со поддржување и развивање на студентските размени и студентите на размена на различни нивоа, како и давање можности за меѓукултурни искуства на „домашните“ студенти преку „интернационализација дома“.

Мрежата во Македонија е составена од пет сектори: ЕСМ Скопје, ЕСМ—ДУТ на Државниот универзитет Тетово, ЕСМ—ЕУРМ на Европскиот универзитет -— Република Македонија, ЕСМ—ИБУ на Интернационалниот балкански универзитет и ЕСМ—ФОН Универзитет на ФОН Универзитетот. Тимовите кои работат во рамките на овие сектори веруваат дека мобилноста на младите луѓе, преку која учат за различни култури и традиции, придонесува за креирање на поотворено и потолерантно општество, а истовремено ги поттикнува и охрабрува меѓукултурниот дијалог и разбирање.

Најголеми тешкотии со кои се соочува Мрежата, според Николова, се предрасудите кои потекнуваат од неинформираноста како на самите студенти, така и на универзитетите, разликите меѓу Еразмус студентската мрежа, и програмите „Еразмус“ и „Еразмус Мундус“ кои се сосема различни поими. Студентите пристапуваат до ЕСМ Македонија со надеж дека од нас ќе ги добијат не само информациите за самите програми, кои, за жал, се покажуваат не толку пристапни и отворени за студентите, туку очекуваат ЕСМ да им ги обезбеди

стипендиите или, пак, да им ги пополни документите. Тоа воопшто не е цел на ЕСМ Македонија, ниту, пак, влегува во рамките на нејзините активности. Многу важен момент е дека самата Мрежа не ја администрира Еразмус програмата или која било друга програма за студентска мобилност, туку само се грижи за интернационализација и подготовки на студентите кои се заинтересирани за студентски размени и за социјализација на студентите кои доаѓаат од други земји на размена во Македонија. Исто така, додава Николова, универзитетите на почеток се покажуваат прилично затворени за соработка зашто не ја гледаат разликата во одговорностите и задачите на ЕСМ и реагираат негативно, но со текот на времето, повеќето од нив го сфаќаат системот и целите на ЕСМ Македонија и со целосна поддршка ги отвораат вратите за уште една европска организација за нивните студенти.

## БАЗИЛЕУС

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, универзитетот „Св. Климент Охридски “ од Битола и Универзитетот на југоисточна Европа од Тетово учествуваат во проектот „Базилеус“ (Balkans Academic Scheme for the Internationalisation of Learning in cooperation with EU universities), финансиран од страна на Европската унија, во рамките на програмата „Еразмус Мундус — Прозорец за надворешна соработка“.

Проектот „Базилеус“ овозможува доделување финансиски средства за мобилност на студенти од земјите од Западен Балкан во ЕУ и обратно. Конзорциумот, односно партнерството на „Базилеус“ се состои од осум универзитети во ЕУ и дванаесет универзитети од земјите на Западен Балкан. Ова е првиот поголем проект со кој ЕУ сака да придонесе во образовната интеграција на овој регион.

Програмата е наменета за студенти и наставен кадар од сите универзитети-партнери од земјите на Западен Балкан и од ЕУ. Притоа, предвидени се следниве можности за мобилност:

-Студенти од прв циклус на студии (бачелор) - времетраење на мобилноста од еден семестар или една академска година;

-Студенти од втор циклус на студии (мастер) - времетраење на мобилноста од еден семестар или една академска година;

-Студенти од трет циклус на студии (докторат) — времетраење на мобилноста од шест месеци;

-Студенти на постдокторски студии - времетраење на мобилноста од десет месеци;

-Наставен кадар - времетраење на мобилноста од еден месец.

Европската комисија одреди неколку научни сфери кои ги смета за особено важни: земјоделски науки; архитектура, урбано и просторно планирање; бизнис и менаџмент; инженерство; технологија; јазици и филолошки науки; право; математика; информатика; медицински науки; природни науки, и општествени науки.

Доколу сакате да конкурирате за оваа програма, на почетокот мора да одредите на која од трите целни групи и припаѓате:

-Прва целна група: студенти-граѓани на некоја од земјите на Западен Балкан, запишани на некој од универзитетите-партнери на Конзорциумот кои сакаат да учествуваат во студентска размена;

-Втора целна група: студенти-граѓани на некоја од земјите на Западен Балкан кои веќе имаат завршено додипломски студии на универзитет од Западен Балкан, кој не мора да биде партнер на Конзорциумот;

-Трета целна група: студенти-граѓани на некоја од земјите на Западен Балкан кои се наоѓаат во исклучително тешка положба (бегалци, азиланти, припадници на дискриминирани етнички зедници итн.).

Пред да се пријавите за студентска размена (прва целна група), добро проучете ги партнерските универзитети и нивната понуда и ако Ви недостасуваат одредени информации, стапете во контакт со универзитетот на кој сакате да студирате; процедурата наложува уредно да ги подготвите своите документи и да се пријавите на веб-страницата на „Базилеус“ со тоа што ќе пополните онлајн апликација (Online Application).

Одберете ја соодветната целна група на која припаѓате, како и дестинацијата за мобилност. Потоа, внимателно одберете го циклусот (додипломски, мастер или докторски). Водете сметка добро да го познавате јазикот на кој ќе се одвива програмата. Извршете регистрација на веб-страницата преку креирање шифра и отворање налог којшто ви овозможува постојан влез и можност за неограничени дополнувања пред истекот на рокот.

Посоветувајте се со координаторот за ЕКТС на ниво на вашиот матичен факултет околу изборот на предметите. Вкупниот број на кредити од предметите кои ќе ги изберете за време на студискиот престој во странство ќе биде признат од страна на домашниот унверзитет и префрлен на Вашиот конечен број кредити дома. Исто така, треба да обезбедите и препораки од двајца професори.

Сите изготвени документи треба да бидат преведени на англиски јазик. Соодветните документи (потврдата за редовен студент, препораката, уверението за положени испити, уверението за познавање на странскиот јазик), претходно скенирани, се внесуваат како .pdf датотеки во одредени делови на електронскиот формулар. Пријавата ја испраќате откако ќе проверите дека е исправно пополнета.
Покрај изведувањето на еднократни студентски размени, програмата „Базилеус“ овозможува кандидатите да реализираат комплетни студиски програми и да се стекнат со странски дипломи (втора целна група). Основен услов е студентите претходно да се стекнале со диплома за завршени додипломски студии на некој од универзитетите во земјите од Западен Балкан, односно надвор од мрежата на универзитети-членки на Конзорциумот. Станува збор за мастер, докторски или постдокторски студии. Кандидатите од оваа целна група немаат обврска да ги контактираат универзитетите, туку индивидуално се пријавуваат следејќи ги упатствата на Базилеус програмата.
За повеќе информации посетете ја следнава веб-страница: www.basileus.ugent.be .



**МАРИЈА ИВАНОВСКА, Македонија**
**Стипендист на програмата „Базилеус“ во Љубљана, Словенија**

Дипломирав во 2009 год. на отсекот за бизнис администрација при Универзитетот на ЈИЕ во Тетово. За програмата „Базилеус“ дознав преку конкурсите објавени на мојот универзитет кој навистина се грижи студентите да бидат постојано информирани за какви било можности за стипендирање. Пристапот до тие информации е прилично тежок (за нив, најчесто, се знае само во амбасадите) и затоа сметам дека е мошне важно самите универзитети да се залагаат за пренесување на сите информации кои ќе им бидат од помош на младите.

Програмата „Базилеус“ нуди одлични услови. Стипендијата, чиј корисник сум јас, трае 22 месеци; наменета е за мастер студии и со неа имам можност да добијам диплома од Универзитетот во Љубљана каде што моментално студирам на отсекот за бизнис администрација, во групата за меѓународен маркетинг.

Понудата на мастер програми преку „Базилеус“ е исклучителна; на повеќето факултети-партнери се нудат добро рангирани интернационални програми, сертифицирани со меѓународни сертификати за квалитет каков што е EQUIS (European Quality Improvement System).

Освен тоа, финансиската помош, која се добива секој месец, е повеќе од доволна и со неа можат да се покријат сите основни трошоци за време на студиите, а останува и за некое убаво патување.

Единствена тешкотија во целиот процес ми претставуваше достапноста на информациите и нетранспарентноста на критериумите според кои се бираат кандидатите. Постапката за аплицирање е малку збунувачка и потребно е доста време и трпение. Мој совет е, доколку се интересирате за оваа стипендија, прво да стапите во контакт со универзитетот на кој се нуди програмата што сакате да ја посетувате, па потоа да почнете да ги подготвувате документите потребни за самата стипендија.



**ХРИТ ЈАНС, Белгија**
**Стипендист на програмата „Базилеус“ во Скопје, Македонија**

Откако знам за себе, мојот интерес бил насочен кон проучување на европските култури, особено на јазиците како најмоќно средство на културата. Во моментов работам на својот магистерски труд од областа на словенските јазици на државниот универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Кога аплицирав за „Базилеус“, не знаев многу за Македонија, не бев сигурна како ќе се снајдам, но сега сум уверена дека го направив вистинскиот избор со моето доаѓање во оваа земја. На почетокот бев по малку разочарана од организацијата на самата програма и од административните процедури за издавање на потребните документи, но со текот на времето нештата станаа појасни. Тоа е оној неизбежен период на адаптација на новата културна средина кој, за среќа, лесно го надминав и сега сум целосно посветена на своите обврски.

Финансиската поткрепа од „Базилеус“ е навистина добра, па не ми е скратено задоволството — покрај неопходните давачки — да си дозволам кафе или добар ручек по напорниот ден, или пак, да посетам некоја од околните земји кога сум слободна. Ми се допаѓа опуштениот живот на младите луѓе во Македонија. Сепак, сметам дека државата треба да стори многу повеќе за студентската популација и да им го олесни патот до посакуваната кариера, зашто иднината на земјата зависи првенствено од младата генерација. Она што најмногу недостасува кај неа е мотивација да се сменат нештата во општеството, што, во секој случај, е неодминлив процес.

Програмите за мобилност каква што е и „Базилеус“ се одлична отскочна даска за успешна кариера и можност за нова пријателства, и се надевам дека уште долго ќе придонесува за зближување на земјите од цела Европа.

**Далибор Стајиќ,**
**Филолошки факултет**

# Дали високото образование треба да биде бесплатно?

**Студирањето - успешна финансиска инвестиција или пропадната инвестиција на драгоцено време.**

Независното студентско движење во Македонија, „Слободен индекс“ на почетокот на академската година го одбележа Светскиот ден на студентите со протест и низа барања засенети од ударното барање за бесплатно образование. На ова пак, не-толку-независниот СПУКМ реагираше со ставот дека никаде во светот образованието не е бесплатно, додавајќи дека „СПУКМ на друг начин бара подобри услови, а тоа е зголемување на државните квоти како и зголемување на бројот на стипендиите.“ Она што може да се извлече од сето ова е дека студентите на државниот факултет, независни или не, се комплетно изгубени во маглата идеали и планови за подобрување на квалитетот на сопственото образование, ако тоа воопшто ги засега. Бидејќи, барањата од двете страни, за бесплатно образование или зголемување на државните квоти, се рецепт за уништување на сето она што преостанало од квалитетот на државното образование. Она за што вистинските независни и совесни студенти би требало да се борат е спротивното – ексклузивно и квалитетно високо образование. Односно, зголемување на партиципацијата и намалување на квотите.

Во однос на аргументот за проширување на квотите, европскиот кредит трансфер систем воведен со цел да се подигне нивото на досегашното образование и промовирање на студентска мобилност е замислен да функционира со триесет, а не триста, па и илјада студенти. Како резултат на проширувањето на квотите не го добиваме ни она за што плаќаме, најмногу со нашето време, а потоа со двесте, петстотини или повеќе евра. На пример, евиденцијата на присуството со електронските индекси никогаш не профункционира на Филолошкиот факултет, додека ветените колоквиуми полека се вратија на испитите од стариот систем. Но, покрај недостатокот на простории, парно греење, креди и.т.н., електронските индекси влегоа во полето на научната фантастика. Претпоставувам дека на дисперзираните факултети на УКИМ во другите градови кадешто студентите седат на трошни клупи позајмени од основно училиште, високото образование само по себе е научна фантастика. Па најстрашното не е ниту недостатокот на простории ниту бескорисноста на електронските индекси, туку е се понискиот квалитет на содржината на високото образование скриено зад „европската“ форма. „Не се бунете премногу, битно е дека дипломата ќе ви биде ЕКТС,“ ми порача еден од демонстраторите на мојот факултет додека размислував гласно на ова прашање. Таа реченица е токму она на што е сведено високото образование во моментов, а тоа е дипломата, која како и електронскиот индекс за којшто плативме, ќе ни биде бескорисна.

Во Европа, државното високо образование е најевтино во Франција, основната партиципација за додипломски студии е 171 евра годишно, а за магистерски и докторски студии 231 евра годишно. Сепак, француските универзитети ги нема на ниту една од доверливите, светски признаени ранг листи за најдобри универзитети во светот. На пример, на првите пет позиции на ранг листата за најдобрите универзитети во светот за 2009 на „Times Higher Education“ и „Quacquarelli Symonds (QS)“ (специјалисти во високо образование и студентска мобилност) се наоѓаат „Харвард“, „Кембриџ“, „Лондонскиот универзитетски колеџ (УЦЛ)“, „Империјал колеџ“ Лондон, и „Оксфорд.“ Во целата листа не постои француски универзитет. Интересно е тоа што токму универзитетот „Харвард“



ја зголемува партиципацијата за 3,8 проценти годинава со што годишната партиципација од сега ќе изнесува 50,724 долари годишно вклучувајќи сместување. Од друга страна пак, универзитетот исто така најави зголемување на стипендиите. Повеќе од 60 проценти студенти на Харвард примаат финансиска помош од околу 40,000 долари. Партиципацијата, пак, на универзитетот „Кембриџ“ за додипломски студии изнесува 3,290 фунти годишно, што е просечната цена на сите акредитирани универзитети во Велика Британија. Партиципацијата на „Кембриџ“ студентите со британско државјанство не мора да ја платат веднаш, туку можат да земат кредит којшто ќе го отплатат кога ќе почнат да заработуваат повеќе од 15,000 фунти годишно по дипломирањето. Сепак, просечната партиципација за странски студенти на кој било универзитет во Британија е три до четири пати поголема од таа за британски државјани или државјани на земји-членки на ЕУ, односно околу 12,000 фунти. Тоа значи дека овие студенти им се највредниот извор на финансии. Фактите илустрираат дека квалитетното високо образование е сериозна инвестиција. Кога факултетите на државниот универзитет би имале автономија сами да си ги одредуваат цените и критериумите за селекција, понудата на квалитетот исто така би зависела од самите факултети и тогаш можеби работите би биле поинакви. Тоа значи тесен избор на двоцифрен број студенти, со предвидени стипендии за академски најквалитетните студенти и финансиска помош за студентите од семејства со ниски примања, додека останатите студираат приватно за многу повеќе од сегашната партиципација. Барем така, тие што плаќаат и ќе добијат нешто за тие пари, наспроти ситуацијата сега кога кој стигне се запишува и завршува факултет во исклучително ниски услови. Свесни сме за „природната селекција“ која се случува на факултетите, некогаш во првите две години, некогаш по самото дипломирање. Зошто да не се направи таа селекција пред самиот упис? Доколку желбата на „независните“ студенти се оствари и тие се изборат за бесплатно образование, тогаш ќе ја плаќаме најскапата цена, времето, за апсолутно ништо. Тешко е да се излезе од ѓаволскиот круг на неквалитетно образование – неквалитетни студенти. Па така, не ни чуди фактот што студентите се најгласни кога станува збор за „гага“ образование или ваучери. Слично како што и истите во средно протестираа против државната матура или „штрајкуваа“ да губат часови. Иронично, токму тие се оние кои живеат во илузија дека се нешто повеќе од стадо овци.

**Сандра Ѓеоргијевска, Филолошки факултет**
**Фотографии: Сандра Ѓеоргијевска**



# ТУНЕЛ

Во 9 часот наутро. Во 12 часот напладне. Во 15 часот и оптималното попладне. Во 17 часот - трпелива темнина. Во 19 часот само по некој студент низ факултетските сокаци. Низ сувото светло. Епитетски сегмент кој произлегува од намалувањето на дневната спасителна светлина за попладневните патешествија на и оние малкумина кои останале на премините од немилосрдните мрачни филозофски ходници. Традиционални пајажини низ нефункционални неонки. А, очите бодат. Се движиме низ тунел од неповолни услови. Се движиме ли? И Сонцето пекна. Од немоќ. Како да одгледуваш цвеќе во суво и темнина? А на крајот на тунелот, тунел. Основни потреби кои се компензираат со илузорна иднина. А на крајот од тунелот сè повеќе од оние кои компензираат со ништо. Критика за основната потреба од светилки. За фригидноста на премалените институционални простории. За тунелот во чии средишни порти тлее жарна вода. Тунел кој во студентскиот срцебит сака да стане осветлено, пространо и зелено поле.

**Викторија Бачварова, Филозофски факултет**
**Фотографии: Викторија Бачварова**





# КОЈА Е ЦЕЛТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО?

Првата асоцијација која најчесто се јавува кога ќе се спомене зборот „образование“ е секоја форма на институционализирано и систематско пренесување на знаење и вештини; долготраен, но временски ограничен процес низ кој мора да мине секоја индивидуа на својот пат кон созревање како возрасна единка. Со други зборови, образованието се сфаќа како процес кој завршува (во различни стадиуми од животот, пожелно пред 25-тата година, но најчесто набрзо по навршување на 18-тата година) и кој се одвива во рамките на специјализирани институции.

Штом образованието е процес низ кој општеството налага да мине секоја личност, се поставува прашањето која е неговата цел. Повеќето на ова би одговориле дека целта на образованието е да им овозможи на луѓето подобри шанси за добивање на подобра работа (што, во принцип, денес подразбира подобро платена работа). Зошто, инаку, некој би „се мачел“ да се запише на факултет и да дипломира, ако тоа не му обезбеди подобар животен стил?

И покрај тоа што овие две тврдења се точни, тие опишуваат само еден дел од суштината на образованието и неговата цел.

Академските придобивки од образованието, особено од формалното, се најочигледни. Секој студент се запишува на факултет за да се здобие со солидна основа во една точно дефинирана област од човековите познавања. Кај нас, ова најчесто се сведува на купишта информации, факти и податоци, кои студентот би требало да ги знае на крајот од своите студии. Ретко која високообразовна установа во нашата држава, со секоја чест на исклучоците (доколку ги има), ги учи идните академски граѓани како критично да ги разгледуваат и проценуваат, и како логично да ги поврзуваат и анализираат информациите со кои се сретнуваат во текот на своето студирање. Па така, на крајот, од студентските клупи излегуваат личности кои имаат солидно знаење (со кое може да им парираат на своите колеги од западноевропските универзитети), но не знаат што да прават со истото.

За жал, промена на ваквата состојба не е можна без значително менување на структурата и „навиките“ на самите образовни институции и без, безмалку, радикални промени во наставните планови и програми. Колку и да се амбициозни, иновативни и ентузијасти, студентите сами не би можеле да донесат видливи промени во овој аспект на образованието.

Затоа, пак, секој студент може драстично да ги смени другите два аспекти на формалното образованието, кои кај нас не само што не се доволно развиени, туку се практично закржлавени.

Студентскиот период ви нуди извонредни можности да го запознаете светот и општеството, било во глобални рамки или на локално ниво. Тоа е единствениот период од животот кога на едно место ќе бидете во близина и директен контакт со толку многу интелектуалци, креативни луѓе и луѓе со непроценливо искуство зад себе. Секој ден пред вас е отворена можноста од сите нив, од колегите, асистентите, професорите, библиотекарите, да „украдете“ по некоја мала лекција или порака, и од нив да ја изградите својата лична, интимна енциклопедија за светот во кој живеете. По ходниците на вашиот факултет се движат луѓе до кои „надворешниот свет“ (т.е. светот надвор од кругот на факултетот) многу (по)тешко доаѓа, а од кои вас ве делат само пречекорување на праг или едно „Добро утро“. Искористете го тоа!

Секој студент е дел од огромна симбиотска мрежа од која самиот се храни, но во која и вложува. Размената на знаење и идеи не треба да бида еднонасочна (професор-студент или асистент-студент), туку во најмала рака двонасочна (професор-студент, студент-професор), а и повеќенасочна (професор-студент, студент-професор, студент-студент). За жал, носејќи ги навиките од пониските степени на образованите (основно и средно), каде наставникот е тој што зборува, а учениците слушаат и решаваат тестови, голем дел од студентите во Македонија своите студентски денови ги поминуваат молчејќи.

## Како најдобро да се искористат студентските години?

Освен оваа повеќенасочна размена на знаење и идеи, која треба да биде белег на студентскиот живот, студирањето нуди можност и за запознавање на светот пошироко. Веќе и во нашата држава сè почесто може да се сретнат студенти



од други земји, кои тука поминуваат еден семестар или цела академска година, а сè поголем е и бројот на програми и стипендии кои им овозможуваат на нашите студенти да студираат на некој универзитет во Европа или Соединетите Американски Држави. Во идеални услови, еден ваков студиски престој во друга држава би требало да биде задолжителен за секој студент. Директниот контакт со друга култура, друг јазик и друга филозофија на живеењето од корен може да го ви го измени погледот на светот. Во неколку часа минати во разговор со личност од друга држава ќе научите многу повеќе отколку со денови да читате книги или да пребарувате написи на интернет за истата таа држава. И повторно, ова е можност која е на дофат на секој студент. И на крајот, ништо помалку важен, но кај нас скоро комплетно занемарен, аспект на високото образование е самоспознавањето. Времето во кое живееме упорно нè турка што побрзо да се прогласиме за возрасни и да се дефинираме себеси и својот живот. Некако по инерција, штом навршите 18 години луѓето, свесно или не, почнуваат да ве гледаат како возрасни единки, кои точно знаат што сакаат, и престануваат, ако веќе одамна не престанале, да ве прашуваат што сакате да бидете кога ќе пораснете. Интересно е, тогаш, како секој што ја пречекорил 30-тата година од животот (вклучувајќи го и авторот на овој текст) ќе ви каже дека ќе почне да ви станува јасно кој сте и зошто сте дури по 25-тата.

Студирањето не е завршен чин, во кој треба да се посветите исклучиво на областа која сте одбрале да ја студирате. Напротив. Поетски кажано, студирањето е само почеток на долг пат на самоистражување, самопроучување и самооформување, кој, доколку сте од срекните, еден ден ќе ве однесе до самите вас. Колку и да е нецелосно и несоодветно применет, новиот ЕКТС систем на студирање ви нуди можност да слушате предмети кои не се дел од вашата одбрана професија. Таа можност никако не смее да се пропушти! Барем еден од предметите во академската година нека ви биде од област сосема различна од вашата – ако студирате јазици, одберете филозофија, ако студирате право, одберете модерна литература. Средбата со новата област ќе ви даде нова перспектива кон животот, ќе ви помогне малку подобро да ги разберете луѓето кои ја одбрале таа струка, ќе ви ги прошири хоризонтите и ќе ви отвори уште еден прозорец кон себе.

Несомнено е дека живееме брз живот, во општество кое го „вртат" монетарната економија и пазарот на добра и услуги, во време со изменети (или, доколку не се трудиме да бидеме политички коректни, извитоперени) вредности и норми, па притиснати од очекувањата и барањата да бидеме поуспешни од другите, да заработиме повеќе пари или, пак, да смислиме како да врземе крај со крај, ретко кој и кога има време да размислува за суштината и целите на една, навидувам, секојдневна работа како што е образованието. Но, студентскиот живот е како кожурец на свилена буба – време заштитено од прангите на „реалниот свет", каде најголемиот проблем е како да се преживее следната сесија. Чинот на дипломирањето е чин преку кој студентот се „раѓа" во општеството како обучена, образувана и продуктивна индивидуа, подготвена да се соочи со предизвиците на животот на возрасните, во кој најчесто нема место ни време за апстрактни медитации. Па така, додека сè уште сте студенти и непотребно стравувате од следната сесија, најдете малку време и размислете за вашето образование и неговата цел.

**Билјана Дијанисиева, Филолошки факултет**
**Фотографии: Јасна Дишлиеска Митова**



# Образование од навика

Уште од почетокот на стандардизираното “модерно” образование воведено од страна на католиците, главниот фокус на целиот образовен процес е учениците да меморираат сè што треба. Се тргнува од идејата дека, за да се симулира успехот на некои големи научници, писатели, активисти итн. и да се постигне врвот на секоја единка, таа треба да ги научи чекорите кои биле плодни за тие луѓе и едноставно да ги повтори. Поради вродената традиционалност на образованието и државно поврзаните институции, фокусот на образованието останува на меморијата до ден денес, посебно во нашите образовни институции, каде сè уште се смета дека понеспособните и помалку образованите професори треба да предаваат на помали деца, а подоминантните и постручни професори да зафатат повисоки функции “горе”.

## Образованието и модерните технологии - дослух или расчекор.

Државата обично претставува најскептичен и најригиден ред на човекот, приватниот сектор во овој случај ја зема улогата на авантурист и плови во поопасни води, но сепак е длабоко ограничен од државата и законите кога се работи за образование. Не го спорам конзервативизмот на државата во однос на економијата или политиката, туку сакам да ставам сценско светло врз фактот дека образовните институции постојано се укочени и шокирани од реалниот живот надвор. Иако, токму овие институции треба да бидат најбрзо променливи и приспособливи, затоа што нели “треба да ги подготват младите луѓе за светот”, вистинската ситуација е сосема спротивна. Оваа динамика сега за сега турка, функционира и едвај опстојува, но тоа нема да може да трае уште долго. Оригиналната работа речиси воопшто не се цени, а личните ставови и сè што е повеќе од фактографија се сметаат за несериозност. Значи и областа каде што студентот има ретка шанса да создаде свој тек на мисла и да го изрази тоа, се пресекува со цврста тупаница поради недостигот на автентична заинтересираност и ангажман, со чесни исклучоци.

Големи се шансите да настане раскол кога приватниот сектор ќе иницира огромен притисок врз државата, поради објективната, наизглед шизофренична, брзина на промена во светот и потребата да се опстане во тој економски дарвинизам. Тоа веќе и се случува, но во многу покротка верзија во само-актуелизираните држави како Америка или Германија. Потребата од пократки copyright времетраења за технологии и иновации е најочигледна во медицината и фармацевтската индустрија, како и во областа на ИТ хардвер/софтвер патенти. Тие сектори се брзоразвивачки, приспособливи и адхократни, слични на напредната идеја на Алвин Тофлер за adhocracy. Робер Х. Вотерман, Џр. ја дефинира адхократијата на следниов начин: “Секоја форма на организација што пресекува преку нормалните бирократски линии за да опфати шанси, реши проблеми, и добие резултати” . Образованието треба да ги следи тие карактеристики, но како би го направило тоа кога во основа е втемелено во традицијата и процедуралната интелигенција? Добра ментална слика за поентата што сакам да ја изнесам создава следниот пример: да земеме еден студент со одлична фотографска меморија, каков успех би имал тој во македонското образование? Ако има релативно добра способност да зборува, тој студент може да биде интелектуално

заостанат, а сепак да има многу подобар успех од неговите колеги. Што се случува со фактот дека сега живееме во ера во која долгорочната меморија има споредно значење, а примарна е адаптацијата, со секундарно место за краткорочната меморија? Каде е образовниот систем во Македонија во овој поглед? Дали навистина Македонија сака да изроди илјадници високообразовани индивидуи со никаква способност и иницијатива, но ултраразвиена способност да меморираат? Уште од средно образование, па низ прашестите одаи на високото образование, меморијата игра главна, суштинска и единствена улога за успехот во тој систем. Факултетите главно се мономедиумски настроени, понекогаш користејќи телевизори или проектори во наставата, при што чувството на успех дека е користен втор медиум ја достигнува својата кулминација.

Приватниот сектор, односно технологијата, сега навлегува во секојдневието на сите луѓе, освен апсолутно амишираните интроверти заглавени во безглавеста носталгија кон некое минато. Државата станува неподготвена да ги подготви и насочи своите чеда поради фактот што таа воопшто не знае што се случува на улица и на брзо променувачкиот пазар. И покрај овие огромни проблеми, државата и државните институции се оставаат да ги поставуваат образовните стандарди, и дури да ги наметнуваат врз приватни факултети. Честопати студентите по завршувањето на студиите се соочуваат со чудна средина за која воопшто не се подготвиле и работите складирани во мозокот за време на четирите години студирање се покажуваат само како историски релевантни.

Како што технологијата се приближува сè поблиску, за на крај да стане неизделива од нас и дел од нашите тела, така сè повеќе ќе биде очигледно дека драконскиот акцент врз меморија не може да се одржи. Кога ми е овозможен пристап до информации побрз од природното сеќавање на една едноставна електронска направа со минијатурен екран, и таа е секогаш со мене, спремна да ми служи, тогаш треба таа направа да е дел од мене. Јас би одел уште подалеку и би кажал дека таа е мојата мемориска протеза. Како што на студентите со лош вид им е овозможено да носат очила, така би требало електронскиот дел од мене да биде признаен како таков. Единствена разлика во оваа метафора меѓу очилата и електронската направа е што лошиот вид претставува проблем, додека скромната меморија поттикнува и негува адаптација, што е темелот за успех во светот денес и тоа не е некој споредeн темел, туку главниот. Во склоп со огромното количество на сè побрзо (про)менувачки информациии, мозокот мора да се одржува жив, за да се снајде во таа средина. Препуштањето на рутината и секојдневието би значело смрт на пазарот. Ако една компанија не понуди уникатен, ,,паметен" и интересен производ, таа компанија ќе пропадне во безначајност во споредба со другите поуспешни производи. Истото важи и за бизнис стратегијата и успех во маркетингот. Ако рекламата е генерична и стандардна, нема да привлече внимание и ќе биде игнорирана со сласт.

Порано била очигледна огромната потреба на складирање на информации и стандардизирање на "од колено на колено" пренесувањето на истите. Тогаш морало да постојат луѓе полни со информации кои ќе можат истите да ги презентираат на разбирлив начин кога ќе има потреба и да ги задржат тие информации во текот на подолг период. Сега за тоа имаме ултраспособни пребарувачи и филтри што можат да ви дадат одговор на секое разумно поставено прашање, а базите на податоци им се значително поголеми од способноста за паметење на кој било професионален човек запамтувач во историјата на човештвото. Сега нема никаква потреба од тоа, па треба достоинствено да го им оставиме првото место на позаслужни алатки и да се фокусираме на нешто сосема друго. Информациите се достапни и лесно пристапни, ерата на меморирање станува ера на адаптација повеќе од кога било претходно и образованието треба да се соочи со тоа.

**Дамјан Цветков-Димитров,**
**Филозофски факултет**

# Што се тоа научни списанија и трудови?

**Претставување на новите откритија и знаења пред светската јавност**

Живееме во ера на развој, овозможен од научни откритија кои го менуваат светот, живееме во ера во која има активна трка за нови и оригинални достигнувања. Сѐ што нѐ опкружува е предмет и/или исход од таа трка. Само како пример може да ги спомeнеме компјутерите со целата нивна електроника, комуникациските технологии, новите лекови во фармацевтската индустија, новите светилки, па сѐ до вистините за времето и просторот. Се разбира, ова на сите им е јасно, меѓутоа, сметам дека не им е јасно како во светот се презентираат ваквите откритија и кој е системот на зачувување и пренесување на глобалното знаење? Во овој текст, само на кратко, ќе се задржам на таа тема.

На крајот од секое истражување, доколку се дојде до резултати, може да се премине кон нивно објавување. Само доколку резултатите се нови, оригинални и непознати на науката, тие се објавуваат со што стануваат достапни за сите истражувачи. Објавувањето се прави во (општи или специјализирани) научни списанија. Оваа практика датира дури од 1665 година кога во Франција за прв пат било испечатено научното списание Journal des sçavans. Од тогаш, до денес, се основани голем број на списанија од различен карактер. Во дел од нив, како што се на пример врвните списанија Nature и Science, се објавуваат научни достигнувања од сите области. Другиот тип на списанија обработуваат и се однесуваат за само одредена област од науката и се нарекуваат специјализирани. Пример за такво списание е, Journal of Chromatography.

Достигнувањата кои се објавуваат, најчесто како статии, во научните списанија мора да бидат напишани според универзална шема која се состои од неколку делови. Наслов, кој треба да дава првична претстава за содржината на статијата, а под него следуваат имиња на авторите на трудот и адреси на институциите во кои тие работаат.

Во продолжение се даваат клучни зборови, односно неколку зборови кои најкратко и најдобро ја отсликуваат проблематиката и истражуваните системи. Апстракт, понатаму, претставува концизен и компактен приказ за добиените резултати и што е направено при истражувањето. Во воведот се даваат информации за претходно постигнатите резултати во даденото поле на работа и се дефинира целта на истражувањето. Експериментален дел ги екстрахира начините, методите, принципите и инструментите ползувани при експериментот. Резултатите и дискусијата се најважен сегмент од статијата во кои детално се опишува што е откриено и како е дојдено до откритието. Следува заклучок, каде се наведени заклучоците од целиот труд заедно со придонесот од истражувањето (фундаментален, применет, развоен или комбинација). На крајот, се наведува литературата која е користена, односно сите извори на информации кои помогнале да се дојде до резултатите и/или заклучоците. Најчесто тука се наведуваат претходно објавени статии (напишани на начинот кој накратко го опишав).

Откако статијата ќе се напише, се преминува кон нејзино испраќање со цел таа да биде прифатена и потоа објавена. Самиот процес на испраќање бара следење на посебна процедура. Имено, откако уредничкиот одбор на списанието ќе ја добие статијата, таа се испраќа до одреден број на докажани експерти од соодветната област. На пример, доколку во статијата има резултати од проучувањето на работата на срцето, тогаш таа ќе биде испратена до неколку (најчесто двајца или тројца) врвни експерти, во случајов доктори, кардиохирурзи, академски професори од тесната проблематика, кои се докажани во својата струка и кои имаат објавено соодветни трудови. Овие експерти, во фазата на евалуацијата на статијата, се наречени рецензенти и нивниот идентитет се држи во тајност, освен доколку самите експлицитно не се изјаснат дека нивното име може да биде обелоденето. Нивната задача е да проверат дали напишаниот текст и резултатите се издржани, веродостојни, дали внесуваат научен придонес и дали добиените резултати вредат да бидат објавени. Ваквиот метод на проверка на квалитетот на текстот се нарекува внимателен преглед или внимателна оценка (peer-review). По оценувањето на трудот можни се неколку исходи: 1) статијата да биде прифатена за објавување без забелешки, 2) да биде доработена со внесување на сугерираните забелешки, коментари и напатствија од рецензентите и потоа да биде донесен конечниот исход или 3) да биде одбиена. Во првиот случај и во позитивен исход од вториот настан, статијата се објавува по извесно време и со тоа станува достапна на целокупната научна јавност.

Треба да се каже дека не е седно во кое списание ќе бидат објавени научните достигнувања. Имено, не може на исто место, едни до други да бидат резултати од врвно истражување (на пример откривање на лек за рак) и резултати од некое помалку значајно истражување. Квалитетот на списанијата се оценува според податоците од Journal of Citation Reports, коешто го публикува Институтот за научни информации (Institute for Scientific Information – ISI, part of Thomson Reuters). Овој Институт на годишно ниво креира листа од списанија кои ги задоволуваат високите критериуми за квалитет, имаат важност во научниот свет и имаат т.н. фактор на влијание (количник помеѓу бројот на објавени статии во даденото списание во изминатите две години (пред годината за која се однесува факторот на влијание) и бројот на цитирани статии објавени во истото списание во истите две претходни години). Имено, колку е поголем факторот на влијание толку поценето во научната периодика е соодветното списание. За едно списание да биде вброено во таа листа мора со години да се подготвува и да се докажува, што не е лесна задача. Во таквата листа списанија кои имаат највисок фактор на влијание (најпрестижни списанија) се Nature и Science. Во нив не може да се објави ништо друго туку само најоригиналните истражувања и достигнувања, оние за кои еден ден може да се добие и Нобелова награда! Според ова, повеќе од јасно е дека во светот се ценат само одреден број списанија, а со тоа само оние коишто објавуваат во нив може да се наречат вистински истражувачи!

Покрај самите списанија, треба да се споменат и базите на податоци. Имено, постојат неколку бази на податоци кои што сумираат голем дел од списанијата и на тој начин овозможуваат лесно пребарување низ сето она што е објавено. Такви бази на податоци се ISI Web of Knowledge, Scopus, Google Scholar и некои други. Треба да се наспомене дека за пристапот кон самите списанија и кон базите на податоци начесто се плаќа, со исклучок на мал број списанија (free-access journals).

За среќа, нашиот универзитет има пристап до базата на податоци Scopus (www.scopus.com) на која може да се пристапи само од компјутерите во библиотеките на факултетите. На оваа страна, со испишување на името на некој истражувач, професор и сл. може да се види што тој направил во светски рамки, или пак со испишување на проблематиката може да се најдат бројни статии поврзани со неа. Истото тоа може да се прави од секој компјутер преку Google Scholar beta (www.scholar.google.com) каде што се наоѓаат информации и за списанија кои не се дел од ISI.

Уште една добра можност која ја нудат овие бази на податоци е откривање на бројот на цитати на секој автор. Тој број може да се добие и од базата Scopus. Што всушност претставува бројот на цитати? Тој покажува колку пати тој автор бил спомнат во научни трудови (статии) од други автори, но и колку пати авторот сам се цитирал (автоцитати). Се разбира дека колку што е поголем бројот на цитати толку тој автор има поголемо влијание во светската наука. При тоа мора да се спомене следново: не смее да се споредуваат цитатите на автори од различни области. Имено, доколку авторот работи во атрактивна област (како на пример информатичка технологија) во која работаат голем број други автори, ќе биде повеќе цитиран од некој автор кој работи во област која е од интерес на мал број истражувачи (на пример минералогија).

Каде сме ние, како Македонија, во целава приказна? Јасно е дека нашиот удел е исклучително мал, помал од она што треба да биде. За ваквата ситуација има две главни причини. Прво и основно, науката е скапа дејност, а во Македонија слободно може да кажам дека одделените средства по тој основ се исклучително мали. Втора причина е летаргичноста на најголем дел од нашите истражувачи која е резултати на ниските критериуми на нашите универзитети. Имено, во развиените земји има строги критериуми за тоа кој се може да стане професор и што се треба да направи за да напредува во академската кариера. Тие критериуми се концизни и состоени од бројки, на пример (целосно карикирани) за станување доцент критериумите се 5 статии во ISI списанија со најмал импакт фактор од 1, и најмалку 20 цитати. Кај нас за жал овие критериуми не се толку концизни.

При тоа мора да се каже дека и тука постојат истражувачи (академици, професори, доценти, асистенти, истражувачи во фирми, па дури и студенти) кои го достигнале потребното ниво за да објават нивни резултати во ISI списание! За да нема неправди, во овој текст нема да спомнам имиња, туку ве мотивирам самите да пребарате кој што постигнал (како што беше објаснето погоре). Само може да споменам дека постојат македонски научници кои се светски признати и нивното име е од огромно значење во денешната наука, за што сведочи огромниот број на нивни цитати.

Овој текст е премногу краток за да ги опфати сите аспекти на овој сложен процес. Затоа приказната не завршува тука и во следните броеви на списанието Излез ќе бидат објавени текстови на оваа тема. Според нашите планови, текстот во наредниот број ќе биде посветен на импликациите на научните статии кон образовниот процес но и на млади луѓе од Македонија кои успеале на овој единствен начин да се етаблираат во светската наука. Доколку кој било дел од текстот е нејасен и/или има потреба за дискусија контактот на авторот и е познат на редакцијата.

**Томче Рунчевски ,**
**Природно-математички факултет**

# Корисни веб страници

## www.faks.com.mk

,,Студентски одговори, без прашања" е поднасловот на оваа веб страница која ви нуди можност да ги оценувате вашите професори. На www.faks.com.mk можете да најдете листа на многу професори од различни факултети и да го видите нивниот рејтинг според досегашните оценки од студентите, да ги оцените вашите професори и да додадете професор на листата. Покрај тоа, има огласи и разни корисни информации за студентите, како и форум на кој може да го дадете вашите мислења на тема по избор.

## www.smart.fm

Неверојатна алатка за учење која може да ви помогне вистински да ги совладате сите факти и информации кои сакате да ги запомните. Основниот принцип врз кој се базира е идејата дека најдобриот начин на учење е повторувањето на наученото да се врши на одредени временски периоди. Со помош на напредната веб технологија, алатката го одредува оптималниот момент за учење за вас. Без разлика дали учите странски јазик или историски податоци, smart.fm ви помага да изберете што да учите и да си поставите цели, ви дава содржини за учење, го организира вашето време за да постигнете најдобри резултати. Користењето е бесплатно и лесно, па обидете се.

# Од европоц
# си патиме

## Ни малку не си го ставаме прстот на ум каква стока купуваме.

Кога денес ќе рече некој од глаата си патиме, нам, на студентите ни се чини многу далечна таа мисла. Ако се прашам самиот себе од каде нашиве патења, ќе ми се испречи една помалку постмодерна варијација на онаа чернодринската – од европоцентризмот си патиме. Звучи, знам, малку чудно, ама тука лежи многу вистина. А таа тема – европоцентризмот и неговите погледи на односот високи-ниски култури – ќе ја прошверцувам тука само за вас, и ќе ја искористам како алат за достигнување на целите кон кои ми се стреми написов. Всушност, идејата за да ја пробуричкам токму оваа тема не ми дојде оддеднаш, епифаниски, туку ете, од толку што притиска таа со својата сеприсутност во нашево секојдневие, се решив накратко да ја прокоментирам.



## Свила на кило, ориз на метро.

Нема потреба, ми се чини, тука да одделуваме простор за претставување на целиот концепт на европоцентризам, иако не можеме, а да не кажеме збор-два за тоа како се сфаќа тој кај нас. Кога гледам по улиците луѓе – особено младите, мојава генерација – како во збунетост се чипчат да зграпчат барем еден став и да покажат дека „имаат сопствено мислење", ме поразува колку дилетантски и без нималку свест се влегува во празни расправии и „бистрење политика". „Од една страна ме сардисале Грциве со името и ми го негираат идентитетот, а од друга страна пустана Европа граби напред, а ние никако да ја стигнеме. А јас – никаков, мал, во мала земја роден, од мал народ – сè чекам да ме земат во Европа, па да си видам малку живот. Е, таму, во метрополите, меѓу велелепните градби, чистите паркови и автопати, под грандиозните мостови на Рајна – таму ме чека живот, таму сум ко господин." Го вели ова, ја фрла цигарата в корпа, задолжително плукнува, ама со поусул – да не го види некој „цајкан" – и се враќа во „кафиќ". Кај има во овој дискурс, ќе речете, европоцентризам? Тука ни е, бре луѓе, пред нос, ни се продава на кило, а ние – само голтај. А притоа, ни малку не си го ставаме прстот на ум да размислиме каква стока купуваме.

Одамна веќе се одомаќинил кај нас филмот на „големи-мали", или „високи-ниски". Всушност, нашава генерација немала ни можност да гледа друг филм – кината веќе дваесет години ги нема. Идејата дека Другиот е секогаш подобар и понапреден, а дека треба да се огледаме на него и да се трудиме да го стигнеме, уште од мали ни се сервира, само треба да ја лапнеме – а најчесто си ја лапнуваме. Постои таму, ни велат, една Европа, центар на културата и демократијата, на прогресот и сигурноста, и ние мора да станеме дел од неа, инаку спас ни нема. И ние така потсвесно си се уверуваме дека тоа е тоа – Западна Европа му е мајката, таму е центарот на се', од таму треба да учиме како се владее, како се живее. А

# центризмот

ваму, пусти идентитет, што ни го оспоруваат, срце не ни дава да го прокоцкаме пошто-зошто. Па, среде сево ова лудило доаѓаме до моментот кога се прашуваме себеси кој ни е идентитетот, и како да го идентификуваме?

## Традицијата во пламен.




Сакате да си го видите идентитетот? Погледнете во огледало. Вие сте тоа. Секој во себе си има свој идентитет, свој Балкан, своја Македонија, свој народ. Сакате да го опишете идентитетот? Опишете како живеете, како се сакате, како се мразите, како се смеете, како тагувате – тоа е вашиот идентитет. Во една шега се напластиле години и години традиција и треба многу малку, за да се осознае тоа. А тоа ќе го покажеме уште сега, преку еден прост пример. Сега, рака на срце, јас си претендирам да станам еден ден филолог, па освен да ви дадам еден пример од јазикот наш денешен, друго и не знам. Изреките „без мака нема добивка" и „кој си ја има мувата на капата", коишто и ние, а особено постарите сеуште понекогаш ги употребуваат, се јазични единици што се составен дел од македонскиот разговорен јазик; нам ни доаѓа природно во одредени пригоди да ги споменеме кога зборуваме. Таа спонтаност со која ние се користиме со нашиот јазик – којшто е во суштина најголем резерват на нашата колективна традиција и култура на живеење – е директна манифестација на нашиот идентитет. А во случајот со горенаведените изреки, ако некој со жив интерес се зафати да дознае колку се тие дел од нашиот јазик, ќе открие дека тие се првпат забележани во македонските дијалекти од страна на Марко Цепенков (првата од нив во приказната 259, а втората во 446); или, за да го воопштиме овој факт и да му придадеме значење, ќе речеме дека овие фрази ги употребувале луѓето на овие простори уште кон средината на 19в., и веројатно одреден период пред тоа. Во таа смисла, можеме да зборуваме за една традиција на употреба на овие изреки долга најмалку сто и педесет години. И таа традиција е исто толку вредна, колку и, да речеме, една Ајфелова кула (изградена 1888 година како симбол за индустриската револуција) – и, додека кулата во Париз е куп железо, паметник на човековиот дострел во архитектурата и уметноста, којшто е допингуван од постојаната стодваесетгодишна реклама, двете наши поговорки се во суштина жив споменик на мисловниот капацитет и едноставноста на нашиот човек во минатото. Со овој пример сакам само бегло да ви понудам еден алтернативен начин на сфаќање на традицијата, кој во современиот контекст, кога се рушат каноните и аксиомите на европоцентристичкото сфаќање на поимите култура, традиција и идентитет, е сосема легитимен, се' додека е поткрепен со емпириски докази, каков што е нашиов (пишан извор).

## Што велат „нашиве паметни"?

За односот Европа-Балкан кај нас многу се зборувало; имаме дури и гранка во науката – балканистика – која се развива на полињата на историја, лингвистика, книжевност, етнологија, и други науки. Меѓутоа, од сите наоди и мислења, најгласен е впечатокот дека Балканот е свет за себе, и дека неговата кулутуролошка матрица е дијаметрално спротивна на онаа на Западна Европа. Велат и дека тоа не се гледа само преку стереотипите, туку и преку начинот на размислување на балканскиот човек, што народски си го нарекуваме менталитет. Од она

што сум го гледал и слушал на таа тема, ми останало во сеќавање тоа дека, на пример, Балканецот секогаш гледа да го избегне општеството; дури и во денешно време, кога тој живее во еден, условно кажано, модерен систем, кај него на прво место секогаш се луѓето и тој самиот. Па затоа, според многумина, концептот на општество во современа смисла, којшто со себе повлекува голема мера на општествена одговорност на единката и нејзина зависност од процесот на заедницата, тешко може да се одомаќини на Балканот; и дури и да се одомаќини, тоа би била, според некои, само некаква килава копија на првичната намисла. Се испоставува дека западните стандарди за она што се вика санитарно општество (терминов со задоволство ќе го позајмам од професорот Венко Андоновски) никогаш не можат во целост да се применат тука, и секој наивен обид да се воспостави систем во европска смисла на зборот задолжително води кон неуспех и големи катастрофи. Или во превод, сѐ додека не си ја скроиме заедницата по своја мерка и не почнеме да се гледаме себеси не како ентитет „од мајка“ инфериорен во споредба со „големите“, туку како ентитет со сопствени вредности и правила на живеење, ќе си патиме до патење од евроипоцентризмот.




## Студентаријо македонска, со какви идеи си ти?

Кога дошло ред Коменски да го прошета својот лик – еден млад, неопитен човек – низ светот, му ставил розеви очила на очите, па се’ што тој ќе видел, го гледал низ тие очила. За негов сопатник и водич Коменски го определил човекот чие цело име најгрубо и набрзина ќе го преведеме како Сезнајко Сегдев (оригиналот транскрибиран на кирилица гласи Вшезвјед Вшудибуд). Нормално, младичов ни на крај памет не мислел дека сликата на сѐ околу него, па и на самиот себе, што ја изградил при тоа патување, е до немајкаде искривена и туѓа. Целта ми е тука да посветам внимание на проблемот со тн. искривена перцепција, која е редовна појава кај нас, особено кај помладите генерации; појава, при која кај младиот човек се создава оневозможеност за критичко, сопствено мислење. Причините за тоа можеме да ги бараме во системот, во образованието, во родителите, во браќата/сестрите, во комшиите – сеедно. Една можност да се сузбие таа ментална летаргија – ќе јаословам вака за да изгледа пострашно, како некоја болест, што до некаде и е – кај младиот човек е периодот на студирањето. Како деца и тинејџери ние сме сеуште под капата на родителот, и, колку и да сме напредни и паметни, сепак сеуште минуваме низ кризниот период на адолесценство, кога немаме ни трошка поим кои сме и што сакаме. Арно ама, кога стапнуваме во академска средина, таму треба да влеземе како возрасни луѓе, кои мислат со своја глава. Иако, како што се гледа од приложеното, во нашава академска средина тоа најчесто не е случај, постојат и кај нас умни глави, кои поради редица – да ги наречеме така – општествено-економски непогоди, не дошле до израз, па гласот на добрата мисла им се изгубил некаде по невладиниве организации, или Еразмус студентските размени. Колку и да е тоа жално, пак проблемот ни доаѓа од главата ни, која – да го цитирам Милтона – си е свет за себе, и може да направи од рај-пекол, и од пекол-рај. А штом европоцентризмов упорно ни се обесил на клепки и ни го шашардисува мозокот, време е самите да почнеме да мислиме и да си ги рашириме погледите.

Па така, кога стигнувам до крајот на написов ми, прво морам да се извинам за хаотичноста со која ви ги нафрлив мисливе што ми тежеа на умот. Ама, убаво е да си споделиме и вакви мисли, оти во самоти разговор најчесто се раѓаат најголемите идеи и најмногу се учи, а богами и за момент ја растовараме главата од патилата од кои си патиме.

**Диме Митрески, Филолошки факултет**
**Илустрации: Александра Јованоска, Факултет за ликовни уметности**

# Театар, театар, театар... и глума во куќата на Филолошиот и Филозофскиот факултет



Лириката би го опишала театарот совршено и непобитно, но зошто попусто зборови на хартија, кога сцената е лирика сама по себе. Но зарем нема нешто лирично што ја зграпчува публиката по една драмска изведба, емоции што зборуваат со јазикот на минатото и му пружаат на актерот и гледачот ново искуство, единствено за човекот. **Тогаш, кога сцената заживува, се споделуваат чувства и мислења од минатите векови како и од сегашниов, осознавање кое драмата, како и секоја уметност, го остава во човекот**. Важноста на таквите единствени впечатоци од претставите кои втиснуваат печат: незаборавни, во меморијата, ги доловува една мисла - совршено:

„... и ќе вршам, како вршач околу стожер... тоа е онаа куќа во која од писмо живот создаваат."

Најверојатно ковачот на оваа мисла зборува за куќата на театарот, но оваа куќа е сигурно толку голема и сеопфатна што прераснува во архетип на поимот театар воопшто. Театар, театар, театар... и глума во куќата на Филолошкиот и Филозофскиот факултет - можеби соба во "големата куќа", но доволно голема за да ги собере своите деца:

Катедрите за англиски, француски, шпански јазик и книжевност, студиумот за португалски јазик, класичните студии. Како заживува оваа соба и како се создава топлата атмосфера во неа, говорат членовите на самите драмски аматерски групи без кои собата останува празна на работ од исчезнување.

**Драмската аматерска група на Катедрата за англиски јазик и книжевност**

Љубопитноста најпрво нè наведува да се запрашаме за потеклото и настанувањето на драмските аматерски групи, што во случајот на Катедрата за англиски јазик и книжевност ни го расветлува нејзиниот координатор, проф. д-р Рајна Кошка Хот.

-Појдовната идеја за подготовка на ваквите проекти произлезе спонтано, од задачата што во текот на академската година ја добиваа студентите од четврта година во рамките на предметот специјален курс за Шекспир, и датира од далечната 1993 година. Денес, според ЕКТС програмата, студентите во рамките на предметите англиска книжевност 7 и англиска книжевност 8, и понатаму го искажуваат својот интерес, талент и различни видови компетенции на истиот начин, а од пред пет години, и студентите од прва година кои го изучуваат предметот англиска ренесансна драма. Целта е студентите да се поттикнат и инспирираат да подготват презентација по свој избор, односно драматизација на извадок, монолог, сцена или сонет. Нивните презентации се секогаш мошне креативни и имагинативни, а притоа, преку вдахнување живот на многуте драмски ликови, доаѓаат до израз нивните таленти, кои инаку остануваат „скриени". Конечно, иако денес во академските средини овие драмски текстови се анализираат и толкуваат, сепак драмата како жанр, всушност, може вистински да се почувствува само ако испечатениот збор од некој дијалог или монолог се изговори. Тогаш започнува креативен процес кој бара од учесниците не само израз на нивниот талент, туку и пожртвуваност,в одговорност, самоодрекување, упорност, трпение, колегијалност... Тие го даваат сето тоа при што, се

# Студентите и нивните допирни точки со аматерскиот театар

создава некаква необјаснива и магична енергија и без оглед на тоа што во самиот процес има и подеми и мигови кои изгледаат како нешто што јас го нарекувам "лирски неред", на крај енергиите се спојуваат и крајниот резултат е аплауз од преполниот аудиториум и чувство на исполнетост и среќа - барем тие самите така го опишуваат, а таа среќа и тоа чувство ги споделувам и јас со нив како нивен координатор.

Еден од членовите на оваа група, Зорица Петкоска, ни открива како изгледа една вообичаена проба.

-Една театарска тајфа, посебно кога не е врзана со постојана професија и профит, е како дружина, цимерство, семејство. Ова чувство е дури и неопходно за да има добри проби. За мене, пробите се најубавиот дел од сета театарска магија. Пред твои очи се пече една претстава, расте едно живо створче кое го храниш и поиш, галиш и чешлаш... и секој ден, секоја реплика е малку поинаква. На една проба може сè да се смени. Секоја вообичаена проба е по малку невообичаена. Училницата во која тоа утро сте имале некој напорен час, вечерта е театар, замок, шума, во друг век и на друг континент. Навистина, во тие неколку часа сите веруваме во сето тоа.

Во последните 3 години, оваа театарска група ги има изведено следните претстави: декември 2006-изведба на „ Д-р Фаустус" од Кристофер Марлоу на Англискиот драмски фестивал организиран од ЕЛТАМ и Британскиот совет во Македонија; јуни/јули 2007-Renaissance Reborn; јуни 2008 и септември 2008-изведба на претставата на тогашната четврта година во ФДУ и Сули Ан, по повод јубилејот на Анлиската катедра; мај 2009-изведба на „Страсни Страданија", претстава на спој на студенти на катедрата за англиски јазик од разни генерации, под водство на проф. д-р Рајна Кошка на ФДУ.

**Драмската аматерска група на студиумот за португалски јазик и книжевност**

По прекрасното искуство на една од тековните проби на оваа група, особено интересно и ведро имајќи предвид дека подготвуваат комедија, координаторот на групава, лектор по португалски јазик, Анета Маневска, која заедно со студентите благопријатно ја примија посетата, ни ја откри историјата на групата.

-Театарската трупа „Камоиш" се формира пролетта 2008 г., со студентите од првата генерација, кои во кус рок, но со голем ентузијазам ја подготвија колаж-претставата „По трагите на Лузитанците", која беше изведена во Скопје, а потоа и на меѓународниот театарски фестивал „Актерот на Европа" во Ресен. Успешниот настап ни донесе покана за постојано учество на овој фестивал. Дополнително мотивирани, лани поставивме драма од португалскиот нобеловец Жозе Сарамаго, во рамките на тогаш веќе втората по ред Португалска вечер, која вклучи и мини-концерт на португалското фадо, во изведба на наша студентка и колеги од Факултетот за музичка уметност во Скопје, како и настап на првиот капоејра клуб во Македонија. Годинава подготвуваме компилација на сцени од „Чернодрински се враќа дома" на Горан Стефановски, со превод на португалски јазик. Претставата ќе биде изведена пролетва, во рамките на меѓународниот аматерски театарски фестивал УНИФЕСТ Скопје, организиран од Катедрата за романски јазици и книжевности при Факултетот, и, веќе традиционално, на фестивалот во Ресен.

Нејзината порака до студентите, љубители на театарот, но и воопшто, е:

-Аматерскиот театар е место каде што младите можат да истражуваат, да творат и да ги изострат своите сетила и интелектуални „алатки". Театарот се создава во реално простор - време, преку контакт и размена во живо, па може да биде коректив за некои современи асоцијални појави, но, пред сè, тој е единствено доживување на мигот, личен опит, и богатството на и за душата преточено во стварност. Младиот човек, неретко, не е наполно свесен за убавината што ја носи во себе и што може да им ја подари на другите. Овие проекти не само што се од помош при совладувањето на еден странски јазик, туку овозможуваат да се стекне искуство во јавен настап, тимско работење, и, најважно, да се реализираат скриените таленти, жедбата за творење и потребата од самоактуелизација.

**Драмските аматерски активности на Филозофкиот факултет (Институтот за класични студии)**

Поранешните членови на драмската аматерска група на Катедрата за класични студии,

Христина Косовска и Ѓурѓица Косовска, кои заедно со други студенти направија препев на драмата „Грне“ (Aulularia) од Плаут, беа отворени за разговор и накратко нè информираат за драмските аматерски активности на студентите од класични студии. Оваа драмска аматерска група постои веќе 6 години и нејзин член може да стане секој оној кој е студент на Институтот за класични студии и има интерес за античката драма. Во поглед на одговорностите и задачите што еден актер и режисер ги има, Кристина вели:

-Одговорност и задача на актерот е својата улога да ја доближи до денешниот аудиториум, со оглед на тоа што драмата била напишана и прв пат изведена во друг временски период и со својата игра да го претстави контекстот на драмата, а одговорност и задача на режисерот е да ги координира сцената и играта на актерите. На пробите се разработуваат улогите и контекстот, потоа се вежба текстот и играта на актерите.

Од досегашните активности на групата, Христина и Ѓурѓица ги издвојуваат настапите со драмата „Грне“ (Aulularia) од Плаут во режија на проф. д-р Валериј Софрониевски лани во Охрид во рамките на Годишната конференција на здружението на класични филолози од Европа EUROCLASSICA и во Скопје во аулата на Философски факултет во рамките на Натпреварот по латински и старогрчки јазик за средношколците организиран од Институтот за класични студии и Здружението на класични филолози „Антика“. Во 2008 во рамките на истиот натпревар настапиле со извадоци од драмите „Птици“ од Аристофан и „Амфитрион“ од Плаут, повторно во режија на проф. д-р Валериј Софрониевски, а изведени во оригинал и во превод од студентите. Во мај 2007 настапиле во Задар, Хрватска со премиерата на „Балкански катахресис“ во режија на Васко Цветковски, а потоа со истата претстава и во Скопје во април 2008.

**Драмската аматерска група на студиумот за шпански јазик и книжевност**

Активностите на драмската аматерска група на Катедрата за шпански јазик и книжевност, „Нормал_но“, мошне игриво ни ги објаснува Борјана Мојсовска, член на оваа група. „Нормал_но“ се оформи со доаѓањето на даскал Техеро Барио, подобро познат како Алваро, некаде кон почетокот на академската 2007/2008. Иако добар дел од работата околу поставувањето и осмислувањето на првата претстава беше колективна, и безмалку секој имаше некаков придонес кон конечниот изглед на истата, сепак би го издвоила г.Шеф, ел Хефе, подобро познат како Алваро кој сосема спонтано и ненаметливо се издвои како координатор. Ако го прашате него, ќе ви каже дека тој во суштина ништо не направил.Ако нè прашате нас (во случајов, мене), ќе мора да се повикаме на јавен демант и побивање на неговиот заблуден суд,” вели таа.

Еве што вели Борјана за останатите карактеристики на групата: ,,Член на театарската група може да стане секој субјект/студент кој знае да чита и да пишува на шпански (пожелно е и да размислува, исто така). Не наведувам потребно ниво на познавање на јазикот оти и онака суштината на театарските активности е токму неговото изучување .Сцена-ин, табла-аут. Многу фина алтернатива.”

Во поглед на досегашните активности, Борјана го слика на кратко впечатокот од изведбата на првата претстава на групава:

-Првата претстава која ја спремивме, „Групна терапија“ според мене беше најсимпатична но и најважна за понатамошната работа за групата, пред сè затоа што беше неочекувано добро примена. Работевме многу и бргу научивме како да функционираме како група. Како поединци сите си носевме со себе по некоја бариера, јазична или ментална, страв или несигурност, но токму тука групната работа ни помогна да се справиме со демоните. Непосредно пред почетокот на премиерата сите бевме ужасно исплашени, но набргу откако застанавме на сцената тој страв се претвори во маѓепсаност, а потоа и зависност. Се сеќавам дека помислив како самиот под ме закатанчува и ми се заканува со доживотна робија. Мислам дека никој од нас не остана рамнодушен на театарската магија таа вечер. Всушност, сите незнајно се заљубивме во истата појава.

**Драмската аматерска група на Катедрата за француски јазик и книжевност**

Несомнено, и драмската аматерска група на Катедрата за француски јазик и книжевност си имаше свој медиум за проток на информации, нејзиниот член Дарко Ристовски. ,,Групата Les Art-cooliques е основана во 2005 година. Најпрво сé започна како театарска работилница предводена од лекторката Ирена Павловска и белгиската лекторка Селин Маријаж. Во 2006, истата театарска работилница почна активно да произведува театарски претстави. Досега имаме поставено на сцена четири успешни



претстави пред македонската, а исто така и пред публика од поранешните ју-простори," ни откри тој.

За досегашните активности на групата Дарко вели: ,,Минатата година се претставивме на меѓународниот фестивал за аматерски театар Festunit во Љубљана. Соработката ја продолживме со театарските групи од регионот па оваа година, по нивна покана, ќе настапиме на фестивали во Загреб, Љубљана и Задар. Во април бевме домаќини на првиот дел од театарскиот фестивал ,,Унифест" во Скопје на којшто ги поканивме групите од Загреб, Љубљана, Задар, Тирана. На истиот фестивал настапија и студентите по романски и по шпански јазик со претставите кои ги подготвуваа во текот на изминатиов период. Во текот на годината, организираме театарска работилница чијшто аниматор е Кристин Ренар, професорка којашто доаѓа од Белгија. Таа ни помага за поставување на претставата на сцена и за креирање на оригинални ликови."

Дарко ја упатува следнава порака: ,,Би сакале да ги поканиме сите љубители на театарот, како и сите љубители на францускиот јазик, да го проследат и вториот дел од театарскиот фестивал ,,Унифест". На 26 мај нека дојдат да уживаат во оригиналните театарски изведби на франкофонски театарски групи од Хрватска, на сцената на Факултетот за драмски уметности. Сите ние го сакаме театарот во животот, но и животот во театарот."

Се чини дека драмските аматерски активности се доста добро развиени на Филолошкиот и Филозофскиот факултет, што претставува поттик за останатите катедри на овие факултети, чиешто поле на изучување е тесно поврзано со уметноста и јазикот, да експериментираат на полето на театарот. Како и да е, аспирациите и љубовта на студентите кон театарот уште еднаш се потврдуваат со иницијативата преземена од студентите, Катерина Шекутковска (Катедра за германски јазик и книжевност) и Тијана Петкоска (Катедра за филозофија), заедно со Ана Алексова (Историја на уметноста на Филозофски факултет), да формираат театарска група до која би имале пристап сите студенти на УКИМ. Оваа нивна идеја осмислувана и посакувана долго време, по неколку одржани аудиции се оствари и ја започна својата активност од почетокот на месец февруари оваа година. Интересно е што актерскиот состав на новоформираната група, имајќи на ум дека единствениот услов за станување член беше да се биде студент на кој било факултет на УКИМ и секако покажување афинитет кон театарот и одредени актерски способности, се состои од студенти не само од Филолошкиот и Филозофскиот факултет, туку и од другите факултети: Машински, Електротехнички, Земјоделски. Овој драмски аматерски никулец во моментов подготвува драмска адаптација на „ Малиот принц" од Антоан де Сент – Егзипери.

**Афродита Николова,**
**Филолошки факултет**

**(Целосните интервјуа со сите претставници на аматерските театарски групи можете да ги прочитате на www.spisanieizlez.blogspot.com)**

## Интервју: Пеце од ,,Суперхикс"

# На образовниот систем му треба цунами

**Петар Младеновски – Пеце е еден од основачите, а воедно фронтмен, басист и вокал на еден од најуспешните музички состави во Македонија – ,,Суперхикс". Во врска со тековните активности на ,,Суперхикс", тој ни открива дека подготвуваат нов албум и дека во почетокот на мај ги очекува мини турнеја низ регионот, настапи во јуни и јули и веројатно настап на обновениот летен фестивал ,,Аларм" во Охрид. Во оваа прилика зборува за малку поинакви теми и ни открива интересни детали од неговиот студентски живот.**

**Во едно интервју за себе велиш дека си професионален хоби музичар. Што значи тоа?**

Тоа значи дека по вокација сум едно нешто (професор по руски јазик), се занимавам со угостителство, менаџмент и букинг (Клуб Кастро), а најмногу време во животов сепак му имам посветено на ,,Суперхикс", мојата прва љубов. Цели шеснаесет години!

**За жал, денес во Македонија центар на културните збиднувања и собирања станаа дискотеките (ако можат така да се наречат) и кафеаните, проследени со музика директно увезена од нашиот северен сосед. Младите сè почесто се таму, а не во Градскиот парк, на пример. Воедно се запоставија и концертите, уметничките збиднувања, театарот... Каде грешиме, што треба да се смени?**

Не грешиме ние, грешат ТИЕ! Сите оние кои ја креираат медиумската пропаганда и политика, сите кои им остапија толку многу простор на акултурните елементи и полека им обезбедија статус на поп култура, што е несфатливо. Па како може состојба која доаѓа од рурална средина (село,планина) да се пресели и да стане меинстрим во Скопје на пример (една урбана средина). Тоа само кај нас го има! Голем дел од вината лежи и кај политичките партии и надлежните министерства кои не вложија ни денар за модерниот културен момент последниве две децении.

**Кој ја креира медиумската политика? И каква политика се води?**

Медиумите сами ја креираат политиката и за жал прифатија една политика на кич популизам. Го прифатија она што се случува во соседните земји. Конкретно за Србија, нашите медиуми ја презедоа нивната програмска шема, која се заснова на форсирање турбофолк артисти, нискобуџетни проекти кои треба да се прикажат како високобуџетни, од типот на ,,Големиот брат" и други реални шоуа. Сето тоа доведе до потиснување на сите урбани културни појави, иако најинтересно е тоа што во западните земји токму тие се сметаат за меинстрим.

**Колку министерствата и институциите во Македонија го помагаат модерниот културен развој?**

Ние како бенд сме политички неутрални и партиски необоени и такви ќе останеме додека постои бендот. А што се однесува до министерствата и сите претходни влади, без разлика од чија гарнитура биле или во кое време биле на власт, досега многу малку, само во неколку наврати, инвестирале во развојот на модерната урбана култура. Секаде во светот се инвестира во модерната култура, а тоа подразбира инвестиции во разни бендови, концерти и слично. Досега немам видено Министерството за култура цврсто да застане зад некој проект од таков вид. Конкретно ,,Суперхикс" нема добиено никаква



поддршка од институциите, освен во 2001 година кога беше организирана турнејата ,,За подобро утре" во склоп на акцијата за разоружување на населението по конфликтот од 2001 година. Но проектот беше поддржан од повеќе институции и организации, меѓу кои и Министерството за одбрана, и не беше директно поврзан со она што ние го работиме, а и имаше сосема друга намена – едукација на населението за целосно поинакви појави, а не ширење на модерната култура.

**Како би ја опишал македонската музичка сцена?**

Па моментално како сцена која не доживува никаков подем, со исклучок на два или три состави кои работат. Во моментов ,,Бернајс пропаганда" е еден од подобрите состави. Малку сум загрижен за она што се случува со младата рокенрол сцена. Има неколку состави, но не доволно, ако го земеме предвид тоа што се случуваше на крајот од осумдесеттите и почетокот на деведесеттите години во Македонија. Тогаш имаше бум на сите рокенрол жанрови, а за разлика од сега условите за настапување и функционирање на бендовите беа далеку понеповолни.

**Дали некогаш би сакал да се најдеш повторно меѓу клупите, но овој пат како професор по руски јазик?**

Да...но само под услов на образовниот систем во РМ да му се случи едно поголемо цунами и да ги избрише од него наследените стереотипи од некои минати образовни системи и половичните транзициски реформи! Во услови на општо незадоволство кај наставниците, професорите, и посебно воспитувачките, не би се нафатил на такво нешто. Најмногу затоа што тоа е една благородна професија која бара многу концентрација, посветеност и трпение, а тоа не можеш да го имаш денес во вакви услови за работа. Затоа и мислам дека ни се случуваат денес ,,изгубени" генерации. Имам чувство дека наставниот кадар го изгуби авторитетот целосно...а тоа им ги отвори широко вратите на деликвенцијата, турбо фолк девијациите и хулиганството.

**Доколку некогаш станеш професор, каков тип на професор би бил?**

Се сеќавам на типовите наставници од предметот Педагогија што го имавме на Филолошкиот факултет. Оној најстрашниот беше Авторитативниот. Е таков не би бил ни на шеесет години (се смее). Пријателскиот однос е она што ги зближува наставникот/професорот и ученикот/студентот. Ако не сфатиш дека во тој однос треба да

се поставиш крајно другарски, тогаш ништо не си направил. Шегата настрана, ама и сега можам да ви набројам барем десетина наставници и професори за кои и денес сметам дека биле целосно промашување во својата професија.

**На што те асоцира зборот „студирање”? Дали на безбројните забави и дружења, или пак на обврските кон факултетот и долгите часови чекање пред канцелариите на професорите и пред студентски прашања?**

Мене, искрено да ви кажам, студентските денови ми останаа во многу пријатно сеќавање. Во средно имав навика да учам кампањски, па таму поминував добар и добивав укори пред исклучување за изостаноци, додека на факултет со истиот принцип на учење редев деветки и десетки (се смее). Мислам дека додека студирав имав време за сè! И за проби со Хикси, и за девојки и забави. А кога ќе дојдеше јуни се стегаше ременот и се правеше долга пауза од сè останато (знаев да положам и по пет испити во еден месец).

**Што најмногу те нервираше кога беше студент? Да можеш, што би сменил?**

Професорските инаети, неорганизираноста на мојата катедра (Славистика), лигавењето на некои од колегите кај професорите и најмногу од сè партизираниот и дезориентиран Студентски сојуз, кој наместо да биде движечки општествен фактор беше фактор на претворање на студентаријата во интелектуално пасивна, фолкерска, мувлосана маса! (Мислам дека ова последново до ден денешен си е исто.)

**Професор кој никогаш нема да го заборавиш? Зошто?**

Мојата лекторка по руски јазик, професорката Наталија Федотовна од Белорусија. Мислам дека ми даде најмногу мотив да станам посериозен студент и да го завршам факултетот. Имаше и други, но за нив другпат.

**Кој предмет на факултет си го полагал најмногу пати, и колку?**

Искрено, не сум полагал предмет повеќе од два пати. Дури и оној кој важеше во ,,мое време” за најтежок – Современ македонски јазик, кој се полагаше кај професорката Стојка Бојковска, го положив од втор пат, со деветка. Но, искрено жалам што не сум зел повисоки оценки по некои предмети ( на пример, Методика и методологија на наставата по руски јазик, Фонетика и фонологија на рускиот јазик и сл.).

**Што би им препорачал на студентите кои покрај студиите се занимаваат и со културни активности? Дали да продолжат во таа насока? Бидејќи знаеме дека постои притисокот по студиите да се прекинат таквите активности и да се бара ,,сериозна работа”.**

Апсолутно погрешно! Додатните културни активности и студирањето одат и тоа како заедно. Токму тоа ќе ви помогме дополнително да го активирате и турбо дизел погонот на вашиот мозок. Па мене на пример и ден денес ми се поврзани професијата и хобито. Факултетот ми помогна многу во пишувањето на текстовите за некои песни, а свирењето со бендот ми даде поголеми можности за разбирање на ритмиката, динамиката, па и фонетиката на некои јазици. Верувале или не!

**Што мислиш за студентското списание „Излез”? Дали има потреба од една ваква иницијатива?**

Најпрвин ќе треба да го прочитам (се смее). Нема дискусија за тоа дали има потреба од него, да се надеваме дека ќе ги има повеќе! Тоа е одличен начин за комуникација меѓу вас студентите и за изнесување на ставови, полемики, стекнување почетно новинарско искуство (макар и од хоби), кое секому ќе му користи. Можност и ти нешто да напишеш и другите нешто паметно да прочитаат во ерата на глупоста (во Македонија).

**Нино Домазетовиќ, Економски факултет**
**Фотографии: Викторија Бачварова**

Интервју со:

# ДАРУМА

Пред една неполна година на скопската музичка сцена се појавија четворица Дарумијанци, посакувајќи и на публиката една нова желба, желба за “поврзување со убавото”. Веќе неколкупати имаа можност да ни ја изложат својата посебна естетика на музичко изведување, секогаш оставајќи не, цивилите од другата страна на скромните сценски даски, незаситени. Би сакала да им посакам едно топло добредојде на овие студенти, а вас да ве оставам со автентичните одговори на Стефан Палитов, гласот на Дарума.

**Како започна Дарума? Кои сте вие?**

**С.П.** Идејата за Дарума дојде пред скоро три години кога Стефан Арсенков и јас се запознавме. Веднаш се најдовме во разговор и некаде помеѓу неколкуте мои поеми и текстови кои што ги споделив со него и неговата силна желба да свири бас и покрај тоа што веќе неколку години свирел гитара, ни беше јасно дека тука може да се случи нешто интересно. Така почна целата приказна. По неколку месеци проби со разни пријатели, чувството за начинот на кој што сакаме да твориме полека се оформуваше. Сепак, ништо конкретно не се случи, барем не во музичка смисла, се додека во филмот не влезе Стефан Смилјановски. Првичната идеја секако се измени и звукот доби една жестина. Така, Дарума полека ги постави темелите помеѓу првичната поинтимна и пожестоката нишка која ја донесе Стеф. Нешто подоцна Дарумјанец стана и Бобан Крстев, кој одлично се вклопи. Така почетокот конечно заврши.

**Името ви звучи доста впечатливо и необично. Дали, можеби, ќе ни открие нешто за значењето и на вашата музика или пак за вашата потреба да направите една музичка група?**

**С.П.** Секако дека Дарума крие во себе одредена симболика. Дарума куклите симболизираат постојаност, бидејќи заради нивната особена физика тежиштето секогаш им е во дното и се исправаат кога ќе ги бутнеш. Тоа постојано стремење кон првобитноста, кое не може да се избегне, кажува доволно. Секако има многу повеќе симболика отколку Дарумите. Кога се купуваат на пример, се замислува желба и им се бојадисува едното око. Кога ќе се исполни желбата се бојадисува и другото. На крајот од годината сите Даруми се враќаат во храмовите од каде што се купени и после голема церемонија се спалуваат на огромна клада. Симбликата која јас ја гледам во тоа е дека ненасилната постојаност е со цел да се успее, создаде нешто - да се исполни желба. После целата таа ритуална служба заминуваш, и тоа преку чадот, небаре те враќаат во небото. Има некоја филозофија во сето тоа која сепак на овие простори не е толку блиска. Колку сето тоа открива нешто за нас ќе видиме со време.

**Што всушност сакате да и кажете на публиката со вашата музика?**

**С.П.** Тоа зависи од самиот разлог на секоја од песните, а со самото тоа и од оној кој ја внел првичната вибрација. Во секој случај не би можеле да кажуваат ништо помалку или повеќе освен за нешто од животот, оној што очите го гледаат и оној што очите ниту го забележуваат. Низ личните искуства да пробаме да се издигнеме кон нешто со поголемо значење, нешто што тежнее кон универзалното. Дали ќе имаме некаков придонес во тоа ќе видиме. Има некои важни нишки кои сеуште не се преточени во некаков јазик, музички или природен, а Дарума и така е на своите почетоци.

**Стилски каде се наоѓате?**

**С.П.** Имаме проблем стилски да се определиме. Не дека ние сме музичко откровение кое додава една досега невидена атмосфера во музиката, туку тоа што го кажав претходно е причина за тоа. Сите ние сме доста различни како поединци и пред сѐ со различен пристап во музиката и животот генерално. Мислам дека и тоа е она што е интересно кај нас. Иако музички сеуште се навикнуваме едни на други успеваме да наговестиме нешто за Дарума. Некаков жесток рок е главниот звук, но тоа зависи повеќе од успешната филозофија, од колку од успешната форма. Не дека формата ќе ја заборавиме, туку да бидеме и умни и естетски возвишени.

**Имајќи еден доста специфичен звук, како напредувате во музичкиот свет?**

**С.П.** За сега е доста добро. Имаме свирено на повеќе места низ градов и публиката доста позитивно реагира. Имаме постојани подржувачи и дел од нив се луѓе со кои не се познаваме, што говори дека не станува збор за некаков непотизам кај луѓето што доаѓаат на нашите настапи. Во април свириме во Прилеп, и надежно уште една свирка во Скопје до крајот на месецот. Ако има некои дополнителни понуди и тоа ќе го разгледаме. Секако дека се стремиме кон повеќе настапи и се поголеми случувања. Наше е искрено да твориме за нас самите, а дури подоцна да го поврземе тоа со луѓето надвор од Дарума. За група со не толку многу појавувања има одличен одзив од самиот почеток.

**Тијана Петкоска, Филозофски факултет**
**Фотографија: Боби Кузманоски**



# Студираме ли во Европа?



Ивана е девојка од Македонија која студира германистика на Универзитетот во Регенсбург, Германија. Таа е задоволна од изборот што го направила и вели дека сега има шанса да добие квалитетно образование и по завршувањето на студиите да го работи она што го сака и што ја исполнува.

Дваесет и три годишната Ивана има завршено прва година на филолошкиот факултет „Блаже Конески" - Скопје, на отсекот за германски јазик и книжевност. За да го усоврши германскиот јазик, како и подобро да ја запознае германската култура, решава да направи една година пауза од студирањето и да оди во Германија, да работи како au pair (бебиситерка која живее со семејството чии деца ги чува). Гледајќи како таму функционираат нештата, добива желба да остане и да студира во Германија. Семејството кај кое работи ѝ нуди да остане да живее кај нив и да продолжи да ги чува децата. Со тоа ѝ се отвора можност да студира на некој од германските универзитети.

Ивана ни го опишува нејзиното секојдневие, нејзините цели и размислувања и прави една паралела со нејзиното претходно искуство, односно студирањето во Македонија:

- Порано го немав чувството дека треба и дека е интересно да се учи. Сега, за да можам да бидам во тек со наставата и активно да учествувам во истата морам да го повторам она што сме го учеле претходниот час, како и да имам одредени познавања од новото што доаѓа. За таа цел професорот изложува на интернет што треба да биде прочитано за наредниот час - вели Ивана.

Таа посочува дека токму активното учество во наставата, постојаното истражување и продлабочување во материјата резултира со квалитетен млад кадар кој ќе го придвижува општеството нанапред, а за тоа е потребна мотивација на студентите. Според Ивана, токму мотивацијата е она што ѝ недостигало додека студирала во Македонија. Вели дека сега има шанса сама да си го креира слободното време, односно сама да одлучува кои предмети да ги изучува и кои денови ќе оди на факултет. Со тоа добива можност да работи во текот на студиите и со тоа сама да го финансира факултетот.

## Што можеме самите да промениме кај нас...



- Овде работат речиси сите студенти за да си го заработат својот џепарлак. Работат по кафе барови, во бутици, пекарници, супермаркети… Никој не се срами од тоа дека работи. Овде можеш да работиш и на факултет за некој професор. Сите професори бараат помошници, на пример за копирање, местење опрема, правење презентации во Power Point и сл. – раскажува Ивана.

Таа нема многу време за излегување, но сепак еден ден од неделата, најчесто за викендите, одделува време за дружење со пријателите. Вели дека има огромна разлика во друштвениот живот на студентите од овие две земји. Младите во Македонија излегуваат во кафе барови преку ден, а викендите им се резервирани за клупски забави и се дружат многу повеќе отколку младите во Германија. За разлика од ова, германските студенти се порезервирани. Тие се постојано зафатени, бидејќи покрај тоа што студираат и работат. Уште во текот на студиите тие си имаат строго поставени цели кои сакаат да ги постигнат, од типот - на кое работно место да работат. Во текот на студиите добиваат можност да одат на пракса. Ако остават позитивен впечаток им се отвора можност да продолжат да работат таму по завршувањето на факултетот.

За германските студенти, спортот е една од поевтините рекреации. За само 15 евра во семестар добиваат членска карта од факултетот и имаат можност да посетуваат било каков спорт. Ивана во моментов вежба јога и оди на пливање.

Факултетот трае три години, а еден семестар чини 500 евра. Ивана како и останатите студенти, посетува предавања и вежби. Предавањата најчесто се Power Point презентации. На овие предавања студентите земаат активно учество, и за тоа добиваат кредити. Вежбите се одржуваат во технички добро опремени простории. Студентите добиваат домашни задачи, пишуваат есеи и реферати на дадена тема, истражуваат. Интересно е тоа што постарите студенти имаат т.н. туториуми за помладите студенти. Тоа се предавања на кои постарите студенти ја поедноставуваат и дообјаснуват
материјата.

Материјалите кои студентите треба да ги учат ги добиваат преку интернет – E-learning platform.

- Многу ми се допаѓа тоа што сите потребни материјали и информации ги добивам преку електронска пошта. Професорите редовно ги проверуваат своите електронски пошти, така што немам проблем да ја добијам посакуваната информација на време. Исто така постојано добивам известувања од факултетот за настанатите промени, стипендии од различни организации, работни места на факултетот, програми за размена на студенти и сл. - вели Ивана.

Со нејзиното искуство сакаме на македонските студенти да им го приближиме секојдневието на нивните колеги од Европската Унија, нивните цели и активности како и нивниот начин на размислување. Сите ние сме свесни за тоа кои се нашите проблеми како студенти, почнувајќи од условите за живот во студентските домови, економските услови на студентот и на неговото семејство, нецелесно спроведениот ЕКТС како и немањето соодветна литература по одредени факултети, поради што студентите се принудени да учат од српско - хрватски книги. Се чини како да е изгубена основната идеја на студирањето, а тоа е самостојното и критичкото размислување, создавање на нови идеи, будење на креативноста на студентот, како и негова самостојна истражувачка работа. Искуството на Ивана нека биде поттик работите да се погледнат од поинаков агол.

Германскиот образовен систем дава високи резултати. Факултетите произведуваат млад,способен и стручен кадар кој може успешно да ги применува стекнатите знаења. А ние?

**Ивана Васева, Ивана Џоровска,**
**Филолошки факултет**

# Каде залута возот со кредитите?

## Студентите трпат на сметка на туѓите грешки.

Неизвесноста заврши, студентските кредити пристигнаа! Но прашањето што останува гласи: каде залута возот со кредитите? Одговорот е едноставен и познат. Се работи за хроничен проблем со обезбедувањето на парите. А досега нема некој што не потфрлил во таквата задача. Зошто? Никој не знае да одговори.

Имено, Министерството за образование и наука во своите соопштенија велеше дека нема проблеми со пари во буџетот. Тие, всушност го лоцираа проблемот во службите на самото Министерство, кои не успеале да ги наплатат заостанатите кредити. Но вината не е исклучиво на страната на Министерството. Мнозинството студенти – корисници на кредити по добивањето на финансиската помош од страна на Министерството едноставно ги заборааат своите обврски за враќање на кредитот кои јасно и децидно стојат во договорот кој токму тие го потпишале. Таквата долгогодишна пракса на занемарување на обврските од страна на корисниците и грешки на надлежните институции оди директно на штета на студентите. Но, на ваквиот тренд на несовесно однесување од двете страни со години наназад укажува Државниот завод за ревизија. Тој во своите ревизорски извештаи ги лоцира проблемите со реализацијата на побарувањата по основ на кредити. А воедно и потребата од нивно итно решавање. Зошто не е преземено ништо, и зошто се занемарени сите јасни сигнали од институциите, останува нејасно.

Според Заводот, Министерството бележи пропусти во функционирањето на оваа програма уште во самиот старт, кога во периодот од учебната 1990/91 до учебната 1996/97 не биле реализирани побарувањата, па така кумулираниот износ на позајмените кредити се искачил на 196.916 денари. Во меѓувреме ниту еден министер за образование не презел мерки да се наплатат овие долгови. Па во 2002 година, поради застареноста на побарувањата, Министерството одлучува тој долг (од 196.916 ден.), со Решение бр. 08-3061/1 од 06.06.2002, да го отпише како ненаплатлив. Официјално по решението од истата година се отпочнува постапка за наплата на доделените кредити, но само на оние доделени од 1997/98 година па натаму. Со следниот ревизорски извештај од 2008 година е утврдено дека состојбата на позицијата Долгорочни кредити и позајмици на 31.12.2007 изнесува 894.654 денари. Очигледно лошата пракса продолжува! Се бележи деветгодишно заостанување во наплатата. Па така, нискиот процент на наплата на студентските кредити (0.43% вратени средства во однос на вкупно доделените) доведува до тоа истите да добијат третман на стипендии. Со тоа крајно се нарушува концептот на кредитирање, а воедно и не се постигнуваат основните цели на програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард. Очигледно, Министерството не постапило според препораките од ревизорскиот извештај. Службите во МОН сè до оваа учебна година продолжиле со нереализирање на побарувањата по основ на дадени кредити. Актуелниот министер Тодоров е прв кој формира комисија за решавање на овој проблем. Ваквата иницијатива е за поздрав бидејќи е насочена кон решавање на проблемот кој се влече со години, а од него најмногу губат студентите. Но прашањето кое неминовно се наметнува е: зошто се чекаше да дојде до ваква ситуација? Одобено затоа што овој проблем трае со години и истиот им е добро познат на институциите. Најзасегнатите, студентите, сметаат дека решавањето на проблемот можеше да почне многу порано, дури и пред започнувањето на учебната година. Истите велат дека Министерството свесно за ваквиот проблем го објави конкурсот за доделување кредити.

По неколкумесечното чекање студентите конечно ги добија своите кредити. Но во меѓувреме токму тие ја плаќаа цената за штетата предизвикана од минатите генерации несовесни академски граѓани и од дисфункционалните институции.

**Нино Домазетовиќ, Економски факултет**

# Студентски правобранител, фантом или чувар на правдата?

Фантомскиот Студентски правобранител е институција за која студентите досега слушале само кога се распишуваат конкурси за негово избирање. Во изминатиот период функцијата студентски правобранител на Универзитетот „св.Кирил и Методиј" ја извршувале проф.д-р Борче Давитковски, декан и професор на Правниот факултет „Јустинијан Први" и доц.д-р Ана Павловска Данева, професор на Правниот факултет „Јустинијан Први". Меѓутоа, заради подобрување на транспарентноста и квалитетот на избраните кандидати во последно време се донесени измени во однос на тоа кој може да биде Студентски правобранител.

,,Со донесување на новиот Статут на Универзитетот, по иницијатива на студентскиот парламент на Универзитетот, се предвиде дека за студентски правобранител се избира студент по правни студии, со минимум завршен 4 семестар и просек на студии од минимум 8,00. Студентскиот правобранител се избира од Сенатот на Универзитетот по предлог на Студентскиот парламент за време од 2 години без право на повторен избор. Студентскиот парламент го предлага кандидатот за студентски правобранител врз основа на конкурс," вели Никола Главинче, сегашен Студентски правобранител на УКИМ кој функцијата ќе ја извршува во следните две години, 2009/2011. Никола е студент на мастер студии на Правниот факултет кој во текот на студентските години бил доста активен во студентското организирање. Учествувал во реформата на Сојузот на студенти при УКИМ, а бил и демонстратор по казнено право, 2008-2010 година.

Во служба на студентите и нивните права.

Основната функција на Студентскиот Правобранител, очигледно е да ги брани правата на студентите кога истите ќе бидат повредени. Исто така, Правобранителот по своја иницијатива, односно "ex officio" секогаш кога ќе дознае за прекршување на одредено право на студент , статутот на факултетот или статутот на УКИМ, покренува постапка со која се докажува дали одредено право или обврска е повредена. Доколку, се потврди дека тоа е така, односно дека правото на студентот или обврската на факултетот се повредени, причината за повредата на правото на студентот се отстранува, додека на факултетот му се наложува својата обврска да ја спроведе во најкус можен рок. Подигањето постапка пред Правобранителот, се започнува со претставка на студентот до Правобранителот на матичниот факултет. Доколку студентот не е задоволен со одлуката тој има право на жалба до втората инстанца, односно Студентскиот Правобранител на УКИМ. Повеќе информации за овластувањата на Студентскиот Правобранител студентите можат да прочитаат во Статутот на Универзитетот, кој може да се најде на веб страницата www.ukim.edu.mk.

Во врска со навиката на студентите да се обраќаат до оваа институција која постои само за нив, Главинче вели: ,,Досега се примени 15 барања, од кои 11 се решени (позитивно), а 4 се во процедура. Бројката е мала бидејќи, за жал студентите не се доволно информирани, затоа во насока на подобрување на информираноста кај студентите и потикнувањето на студентската свест за нивните права и начините на кои тие можат да ги заштитат истите, нормално преку нашиот сервис, почнавме со организирање трибини со цел студентите да се запознаат со нивната можност да поднесуваат претставки до нас и да се изборат за правдата. Првата трибина се одржа на 23 март 2010 година на Филолошкиот факултет, а ќе следат и други."

Студентскиот правобранител ги повика студентите да се обратат за помош секогаш кога сметаат дека нивните права се повредени: ,, Се надевам дека голем број на студенти ќе се заинтересираат и ќе постават основани прашања, а во исто време очекувам заедно да ја искористиме приликата и да покажеме заемен интерес и разбирање, придонесувајќи за развој на универзитетската и студентската средина." За таа цел, тие во секое време можат да стапат во контакт со него, на електронската адреса st_pravobranitel@ukim.edu.mk, по телефон на 02/3221350 и 072/302-020 и по пошта на следнава адреса: бул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр.28/13, Скопје (Палата Кузман).

**Александар Митовски, Правен факултет**

# Потрага по модерниот полимат

"Полимат (грч. πολυμαθής – оној што знае многу) е личност која поседува супериорна интелигенција, извонредно широко и детално знаење и неверојатно силен истражувачки дух."

Живееме во време кога секоја индивидуа во младоста треба да одбере одреден тип на образование кое мора да соодветствува со нејзината идна кариера. Но дали ова е апсолутно вистинскиот и правилен процес на интелектуално созревање врз кој сите потенцијални интелектуалци треба да се основаат? Дали не му е својствено на човекот да истражува на повеќе полиња и дали денешниот пристап за максимално насочување и специјализација во одредена област на знаење не е вештачки креирана умствена граница на личноста? Ова се главните и загадочни прашања кои ќе се разгледуваат во оваа статија.

Постојат личности кои генерално се сметаат за неодлучни во изборот на вистинската кариера, често пројавуваат различни афинитети кон одредени знаења во текот на еден период и генерално за нив се вели дека се несигурни, неодлучни и несериозни кон животот. Но нели ви „паднало на ум" дека можеби таквиот широк спектар на интереси кај овие личности е предност, а не недостаток? Што ако таквите личности не попуштат пред општествените барања и цел живот истражуваат и трагаат, не поради успешна кариера, туку поради самата љубов кон нови знаења и искуства, или како што во XIX век за љубовта кон уметноста се велеше "L'art pour l'art".

**Споредба преку историска перспектива**

Такви личности оставија значаен белег низ историјата, не на едно конкретно поле, туку на неколку и тоа подеднакво успешно. Тие биле доволно образовани да се истакнат како во општествени идеи, така и во емпириски науки, метафизички спекулации и разни иновации и креации од секаков вид.

Во ренесансата ваков тип на човек се нарекувал "Homo universalis", а се сретнува и како "ренесансен човек". За една личност да биде наречена „ренесансен човек" било потребно да зборува течно неколку јазици, да свири барем на еден инструмент и да пишува проза и поезија за да го исполни тој ренесансен идеал. Овој спектар на знаења во тоа време оддавал почит и достоинство кај останатите, но во денешно време овој тип на личност добива негативна конотација и нeретко во западните земји за ваква личност се вели дека е "Jack of all trades, but master of none.", што најмногу би соодветствувало на нашето познато: „Сè, сè, и на крај ништо!" Да, обично е така, денес таквите личности колку и да имаат стремеж кон широк спектар на знаења, порано или подоцна попуштаат пред барањата на денешницата и поради недоволното време и посветеност не успеваат да се истакнат на ниедно поле, барем не со значајни придонеси.

Но ваквиот дух беше во полн ек во времето на ренесансата, па затоа произлегоа личности како Да Винчи, Парацелзус, Рајмонд Лулус, Исак Њутн и Ѓотфрид Вилхелм Лајбниц кои, колку и да звучи неверојатно, постигнаа феноменални резултати на многу различни полиња кои денеска се сметаат за потполно неспоиви. На пример Да Винчи е познат по неговите уметнички дела, но исто така креира и генијални инженерски и архитектонски иновации кои и ден - денес нè оставаат без здив. Парацелзус, преку комбинирање на неговите сознанија од астрономија, астрологија и мистика, успешно ги лечеше болните. Лулус даде уникатен придонес во логиката, но беше доста навлезен и во мистиката. Њутн исто така освен со неговите најпознати придонеси во физиката, се пронајде и во алхемијата, теологијата и астрономијата. Лајбниц, освен како придонесувач на филозофски, логички и математички идеи, антиципира и погледи кои подоцна ќе се јават во правото, билогијата, етиката, филологијата и историјата.

Во поново време се сретнува Бенџамин Френклин кој, освен по неговите политички идеи е значаен и по неговите уникатни иновации како громобранот, бифокални оптички стакла, стаклената хармоника и многу други. Нешто по на исток ќе го сретнеме Михаил Ломоносов, кој даде успешен придонес во образованието, хемијата, физиката, минерологијата, историјата, уметноста, лингвистиката, ги започна основите на модерната руска литература, а најголем белег остави со неговото откритие на атмосферата на Венера. Не смее да се одмине ни Ѓете, познат по легендарното дело "Фауст", но исто така успешен и во поезијата, драмата, филозофијата, теологијата и науката, толку значајни придонеси што бил инспирација и на неколку драми, поетски и музички дела.

Не само на Западот, туку ваквата ренесанса на универзални умови може да се сретне и на Исток и тоа кај Авицена, Авероес, Ал Ѓазали и многу многу други. Сепак и на Истокот се проширил еден ренесансен дух која започнал многу порано од Западниот, а оттаму и интерес кон комбинирање на различни знаења – научни и спекулативни.



## Образованието и општеството тогаш и денес

Би било умно да се постави прашањето - Што придонело до разбудување на овие генијални идеи кај сите нив и која била таа толку силна страст за вакви подвизи и стремежи кон откривање на нови идеи и решенија?

Ако се вратиме наназад и длабоко го истражиме тогашниот образовен систем, не би го пропуштиле концептот на седумте науки и уметности поделени на тривиум и квадривиум, спакувани под името “Liberal arts”, кој започнува уште од доцниот среден век. Овој курикулум се состоел од граматика, реторика и логика кои биле содржани во тривиумот, и геометрија, аритметика, музика и астрономија, содржани во квадривиумот.

Денес, многу се ретки оние кои имаат темелно познавање од вакви дивергентни области, бидејќи на повеќето лаици овој спектар на науки и уметности на прв поглед им делува противречен, но во минатото овие знаења делумно се гледале како надополнувачки и што е најважно, нивниот спектар дава креативни идеи во вистинска смисла, каде што се создава „од ништо нешто“. Таквиот спектар поттикнува делови во мозокот кои се ретко користени, делови кои денес се сметаат за непрактични и штетни, како фантазија, имагинација, верба, интуиција, апстракција итн. Исто така овој пристап го развива и дивергентното мислење кај личноста кое всушност создава можност на еден единствен проблем да се изнајдат повеќе решенија.

Иако логички неосновано, но со помош на мала доза на спекулација може да се тврди дека ваквиот широк и длабок пристап на образование придонел кон разбудување на овој генијален дух кај одредени лица. Дури и доколку не би било ова точно, многу посигурно може да се тврди дека општеството во кое живееле го поттикнувало овој истражувачки стремеж. За разлика од тогаш, во денешното општество за еден човек да стане почитуван и успешен потребно е да се покаже како експерт во одбраната област, да биде успешен во кариерата што му соодветствува на образованието и да постигне голем успех во придобивката на материјални добра за да го исполни капиталистичкиот идеал. Денес не е ни практично ни “умно” човек да ја задржи онаа детска љубопитност и отвореност пред светот за и светот да му се отвори нему и да му ги прикаже неговите тајни. Не, денеска е практично и “умно” за човекот да се приспособи кон толпата и да стане конформист! Штета! Поради ваквиот пристап оние индивидуи кои навистина имаат предзнаења да го опфатат и истражат ваквиот спектар на различни знаења и да ги спојат во уникатни и иновативни идеи порано или подоцна попуштаат пред барањата на општеството и се вклопуваат во средината и нејзините барања.

## Излез од конформистичкиот лавиринт

Се доаѓа до прашањето – Како една денешна индивидуа, со толку отворен ум и срце, да го одржи нивото на љубопитност и упорност, во текот на животот, за истражување на знаења од секаков вид и да не влезе во конформистичкиот лавиринт?

Во денешниот свет преполн со информации многу е лесно таквиот тип на личност да се изгуби во океанот на дезинформации, отколку да наиде на вистиски информации, да не речеме вистинска мудрост. За да го задоволи својот интелектуален апетит, таквата личност мора да има на ум дека не е сè во квантитетот на знаењето, туку и во квалитетот. Една личност не се нарекува полимат доколку ја знае енциклопедијата наизуст, ниту се нарекува така доколку памети илјадници цитати од различни автори. Тоа не е полимат, тоа е дилетантизам! Вистинскиот полимат е воден од самите идеи кои ги извлекува од изворот на знаењето, па доколку чувствува потреба да ги дооформи тие идеи во некоја друга област, тогаш преоѓа и се насочува кон истата. Значи во изворите на знаења гледа идеи, а не содржина во квантитативна смисла. Содржината е само орудие со кое се откопуваат идеите. Исто така не секогаш вистинското знаење произлегува од книгата, некогаш знае да произлезе и од внатрешноста на личноста кај која се губи очекувањето од определен резултат и се остава спонтаноста, фантазијата, креативноста и дивергентното мислење да излезат на површина. Таквите сознанија се доволно силни што, не само што создаваат поголемо интелектуално богатство, туку се случува и една ментална промена каде што на некој начин личноста се менува и дооформува карактерно и психички.

Преку таквата, внатрешна, промена на една личност, конформизмот станува перципиран како бесполезен и штетен и на тој начин многу лесно таквата личност престанува да ги смета тие конформистички идеи за аксиоми врз кои ќе ја гради реалноста. Од тој момент вистинскиот потенцијал може да излезе на виделина, и со елиминација на општествено - индоктринираниот светоглед произлегува оној вистинскиот, којшто е извор на уникатни идеи, концепти и иновации.

**Златко Најденовски, Филозофски факултет**
**Илустрации: Александра Јованоска,**
**Факултет за ликовни уметности**

# Студент ФМ

## Повторно во етерот

Студент ФМ 92.9 е официјалната радио станица на универзитетот Св. Кирил и Методиј која од неодамна повторно започна со работа. Студент ФМ претставува автономен и некомерцијален (нема да има реклами) медиум, со своја самостојна и независна програма и уредувачка политика. Целиот проект е финансиран и поддржан од универзитетот Св. Кирил и Методиј. Целта на Студент ФМ е да изработува 24 часовна, квалитетна музичка и говорна програма пред сè наменета за студентската популација, но и за сите кои сакаат да слушаат едно квалитетно и модерно радио. “Самата програма ќе биде поделена во неколку сегменти (смени) каде ќе се сместат голем број на информативни, контактно-дебатни и музички емисии, сето тоа зачинето и пополнето со соодветен музички избор. Кога сме кај музиката, императив е радиото да емитува еклектичен и релевантен избор на музика, односно да ги пронајде и промовира квалитетните музички достигнувања низ широк спектар на музички жанрови”, вели Андреј Анчевски од тимот на Студент ФМ. “Постојаната екипа на радиото е мала и стручна група на студенти и професионалци, предводени од главниот и одговорен уредник. Улогата на овој тим е не само концепирањето и одредувањето на програмските содржини на радиото туку и обезбедување на целата стручна помош и потребна обука за сите студенти кои ќе ја реализираат програмата”, додава тој.

Надежите за иднината на универзитетското радио се големи, какви што и треба да бидат. “Засега сè уште се трудиме што поскоро да завршиме со експерименталниот тест-период и во рок од неколку недели да започнеме со емитување на предвидената програмска шема. Лично се надевам дека Студент ФМ ќе прерасне во еден култен медиум, не само популарна и релевантна радио станица која ќе пружа одлична програма и забава за сите, туку и катализатор на слободната студентска мисла и промотор на студентската креативност”, открива Андреј. Останува да видиме дали овие планови ќе се остварат

**Наташа Ѓорѓиевска**

# СТУДЕНТСКИ АКТИВИЗАМ

## КЛУЧ ЗА ЕВРОПСКИТЕ ВРАТИ

Проект под мотото „Доближи се до ЕУ преку студентски активизам!“ се одржа на почетокот од месец април во Скопје. Интерактивните работилници, поддржани од њујоршката централа на Институтот Отворено Општество привлекоа голем број студенти од државниот универзитет „Св. Кирил и Методиј“, кои два дена по ред се едуцираа на теми поврзани со студентскиот активизам.

„Наша цел е да го зајакнеме студентскиот активизам кај нас наспроти пасивноста која со текот на времето земала голем замав меѓу домашните студенти. Со организирањето на овие работилници сакаме да ги натераме учесниците да ги набљудуваат академските проблеми од поинаква перспектива; да ги охрабриме самостојно да бараат функционални решенија за нив, и да стекнат комуникациски и други вештини кои ќе им бидат корисни во понатамошниот професионален живот“, вели Наташа Јанчева, студентка на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и една од организаторите на работилниците.

За нејзината колешка-партнерка во проектот, Билјана Дијанисиева, особено важно е проектот да придонесе за зголемување на свеста меѓу младите луѓе.

„Она што најмногу недостасува кај нас е мотивираност кај младите студентски генерации, во најмала рака, да ги сменат нештата кои им создаваат тешкотии во студирањето. Во време на постојани реформи во високото образование, особено значајни се напорите, студентите да се информираат за различни стипендии кои ќе им дадат дополнителен поттик за поголем успех во нивните студии. Имајќи го тоа на ум, се надеваме дека нашата иницијатива ќе придонесе за поголема свест на младите луѓе за важноста на нивната улога во процесот на европската интеграција на нашата земја.“

Организаторките на проектот, во текот на минатата академска година, имаа можност да студираат на реномирани универзитети во САД како стипендистки на Фондацијата „Сорос“. Во „Доближи се до ЕУ преку студентски активизам!“ тие успешно ги применија стекнатите искуства во САД и докажаа дека општата состојба на студентите во земјава почнува да се подобрува.

**Далибор Стајиќ**

# колаж

Огледала покриени со тантела.
Лица во огледала.
Се смешкаат и гласно молчат.
Продорни погледи и големи чекори.
Визии јасни, а прозорците пред нас матни.
Чистачи со рацете во џеб на секој чекор. Или пред секој прозор.
Игра.
На сцена со кренати завеси.
Играме ние пред збунета публика што единствено знае лошо да критикува.
И актери и режисери сме.
Фузија од бои, мириси и звуци ќе им замати свест и молкум гласно ќе аплаудираат.
Играм и јас со зборови.
Сите играат со нас.
До вчера.
Присутност.
Свилени приказни што боцкаат.
Тесни сокачиња и пат без патоказ.
До целта.
Ќе стигнеме.
Танц со енергијата.
Животен петинг.
Задоволство.
Тука сме и веќе денес мирисаме на утре.
Ќе создадеме приказна која утре живо ќе скока како мачка низ контејнер.
Или куче.
Или дискриминирано дете.
Само овде и мачките и кучињата и луѓето преживуваат од ист контејнер.
Разумен галоп во ритам на животот.
Потковани за почетокот на крајот.
Борба со груби тупаници во сатенски ракавици против лагите.
Ловци на соништа, чувари на спомени создавачи на иднина.
Почеток на нова страница со дебело мастилно пенкало.
Бунт на хартија, ама доволно гласен за да биде слушнат.
Крижи -мижи со вистината.
Пу за сите спас.
Сива реалност која од нас бара да живееме и денес да го проголтаме залчето наречено “утре”.
Алови индекси полни со траги од умор.
Ветуваат боја во сивилото.
Мозаик во милион бои од безброј парчиња.
Сложувањето е комплексно и детално, ама задоволува.
Дишиме живот со полни гради.
Воздухот мириса на ново.
Не нè држи место.
Ќе летаме слободни над виножито.
Еднобојните чевли ќе стојат зад врата.
Знаат да одат само по еднобоен и каллив пат кој и онака не води никаде.
Чуму заробени време да арчиме?
Ние сме нашата слобода.

Катерина Николовска, Филолошки факултет
Фотографии: Викторија Бачварова

# ЛИТЕ РА ТУРА

Уредуваат:
Драгана Евтимова
Коста Бојчески
Филолошки факултет

### ТЕМНИНА

Чекорам по дождов
ги оштрам моите сетила
СЛУШАМ
полека како капките паѓаат
удираат по листовите, ќерамидите
во ова глуво доба
од никаде никој
сите спијат сè е мирно
само јас лутам бесцелно
МИРИСАМ
однекаде го насетувам
твојот проклето добар мирис
вдишувам го сакам го обожавам
ги разорува моите сетила
станувам зависен
моето срце забрзува
го барам твоето лице
твоите допири
се вртам во круг
незнам каде си
те барам
ПРОКЛЕТСТВО

*Славко Миладиновски*

### РАЗИДУВАЊЕ

Вечност си.
Непроменета од првиот миг.
Истата вистина ја носиш
и чуваш со еони.

Миг сум.
Незабележан во своето постоење,
што гори во неповрат,
заслепен од вечноста.

Море си,
што впива и содржи сè.
Изворот е во твоите бранови.
Во длабочината што смирува.

Капка сум,
оставена сама на пустински ветер.
Жедта ми ја скротуваат фатаморгани,
дур бесцелно талкам кон своето море.

*Јана Дилберјанова*

### СТАКЛЕНИ АНГЕЛИ

Стаклорез
на името мое
и сила на ден
од коцкаст свет,
а мисли гаснат
низ крвави реки,
под ангели
на стакленоста.

### ЕДИНСТВЕНОСТ

Бели ластовици
во мене
прават гнездо,
а како
кога знам,
дека на светот
не постојат
две
исто - убави
нешта.

*Валентина Арсова*

## (без наслов)

Ме гребе и ме јаде гневот одвнатре. Како гладен молец ме гризе, ме обзема; никако не ми дава да преминам преку него. Лута сум на целиот свет околу мене. Ја мразам глупавоста, мрзеливоста, инертноста. Го презирам тесниот видик на, таканаречените, сестрани луѓе, а најмногу од сѐ нивната лажлива, цинична, но пред сѐ кукавична природа.

Кога ќе се сетам, пак, мајка ми ме учеше да се претопам во таа плитка толпа, да се умотам ко безличен чвор, ист како секој нареден од некое безлично, парталаво и млитаво јаже. Кутрата таа, толку и знаеше. Восокот, темјанот и молитвите како да и го беа заматиле умот. Попусто везден се молеше за нас и ги гушкаше иконите, наместо мене да ми зборува и прегрнува. Се сеќавам, уште тогаш почнав да го мразам Бога. Ми го крадеше мајчето мое.

Како што растев, сѐ повеќе бегав од луѓето, за да се најдам сега "опседната, празна и изопачена". Зошто? Затоа што одбивам да верувам во некоја колективна заблуда која повеќе наликува на мит одошто реалност? Затоа што не се срамам да признаам дека мастурбирам, протнувајќи си ја раката во гаќичките кога имам потреба; или пак дека уште повеќе сакам да си ја протнам раката во гаќичките на црнокосата која живее спроти мене?!

Не, нема да го чуеш тоа што сакаш. Јас не верувам во Бога и знам дека мајка ми ме мразеше поради тоа. Јас верувам во себе и во тебе. Верувам во стварното, а стварни сме ние, нашите желби, амбиции, нашата моќ да го промениме овој свет кој постојано ни ги крати крилјата. Можеби ти звучам апстрактно, но не грижи се, тоа е само затоа што другите говорат и размислуваат за тебе. Зошто се плашиш да го прошириш видикот? Позади ритчето постојат други светови, секој поразличен од последниот, па ќе видиш дека не е сѐ како што велела мама.

И што ако ја сакам неа? Тоа не ме прави помалку човек од тебе, тоа не ме прави изрод. Јас имам љубов, па ја подарувам; не ја купувам како што правиш ти... Како да те натерам за миг да погледнеш низ моиве очи, кога во себе немаш трошка сочувство. За разлика од мене, ти сигурно ја имаш послушано мајка си, а таа не умрела од мака. Моето мајче замина мислејќи дека тргнав по црни патишта, а никогаш не стигна да види дека јас всушност учев од нејзините грешки.

Немој меѓу овие редови да го прочиташ говорот на омразата. Јас само сакам да ти кажам дека не сум како тебе, но не и против тебе. Сакам да бидам оној мајчин глас кој отсекогаш сакав да го чујам, па да те потсетам да се разбудиш и да видиш дека светот е како месечинка, се менува, денес побрзо од кога и да е. Да те предупредам да не дозволуваш да те зграпчи времето, туку да истражуваш, твориш, создаваш; да имаш не една, та милион причини за живеење.

Излупи ја кората низ која досега гледаше црно-бел свет. Забележи ги и прифати ги сите бои на животот и ослободи се. Претрпи ја својата метаморфоза. Не сакаш цел живот да бидеш ларва, нели? Научи да леташ сам со своите големи крилја. Научи ја толеранцијата. Да, таа се учи.

*Снежана Падешка*

*Керол Ен Дафи*

**ЉУБОВНА**

Ни румена ружа, ни сатенско срце.
Кромид ти давам.
Месечина завиена во бакалска хартија.
Ветува плам
ко срамежливото разголување на љубовта.

Еве.
Ќе те заслепи со солзи
како љубовник.
Ќе ти го стори одразот
растреперена слика на чемерот.

Не сакам да лажам.

Ни слатки стихови, ни писменце со усни
потпишано.

Кромид ти давам.
Жестокиот бакнеж - печат на усните
љубоморен и верен
какви што сме
додека сме.

Земи го.
Белозлатните прстени му се збираат во бурма
ако милуваш.

Смртоносен.
Мирисбата ќе ти се впие во прстите
ќе ти се впие во ножот.

**превод и препев:**
Александар Димитриев
Ангелина Заркова
Александра Томеска
Ана Лакалиска
Билјана Здравковска
Билјана Неделкоска
Билјана Нацевска
Билјана Дијанисиева
Горан Димитриев
Горјан Костовски
Даниела Атанасова
Диме Митревски
Катерина Блажеска
Катерина Николовска
Маја Ивковска
Марија Дудановска
Сања Петреска
Станка Алексовска
Сања Џамова
Фросина Анѓелкоска
Филип Аслимовски

**под менторство на**
дем. Зорица Петкоска и
проф. д-р Драги Михајловски

**Катедра за англиски јазик и книжевност**
**Филолошки факултет „Блаже Конески"**

**Списанието е поддржано од Open Society Institute – New York и Компани БАКИ –М.**

www.minimalismaximal.com



woodstock
design group